УНИВЕРЗИТЕТ „ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

# РАНО ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ПРЕКУ МЕТОД НА ИГРА

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**КАНДИДАТ:** Клаудија Мановска

**МЕНТОР:** проф. д-р Лена Дамовска

**Скопје,**

**2015**

## Содржина

# ПРВ ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ


ВОВЕД........................................................................................3-4

1. Разлики помеѓу традиционалното и модерното училиште ..........................5-7

2. Изучување на странски јазик во училиштата ..........................................7-9

2.1. Придобивки од учење на странски јазик.............................................10-12

3. Важноста на изучувањето на англискиот јазик ......................................12-13

4. Изучување на англиски јазик во рано детство........................................14-15

4.1 Изучување на англиски јазик кај млади ученици....................................15-24

4.2 Изучување на англиски јазик во првиот развоен период во Р.М...................24-26

4.2.1 Стратегии на изучување на англискиот јазик во прво одделение.... ...........26-28

4.2.2 Изучување на англиски јазик во второ одделение во Република Македонија..........................................................................................28-29

4.2.3 Изучување на англискиот јазик во трето одделение во Република Македонија. .........................................................................................29

5. Дефинирање на поимот игра ...........................................................30-32

5.1 Игра и социјализација .........................................................................32

5.1.2 Игрите и социоекономскиот статус ..................................................32-33

5.1.3 Игра според правила ....................................................................33-34

5.1.4 Фантазии....................................................................................35-36

5.1.5 Фантазијата и имагинацијата при играта во доцното детство. ....................36-37

5.1.6 Владеење на играта.........................................................................37

6. Училиштето и играта.....................................................................37-39

6.1 Играта во основните училишта.........................................................40-43

6.2 Одмор меѓу часови .......................................................................43-44

7. Игра базирана на учење .................................................................44-47

8. Користење на игри при изучување на англиски јазик ..............................47-51

8.1 Различни видови на игри при изучување на англискиот јазик .......................52-55
9. Придобивки од користењето на методот на игра при раното изучување на англискиот јазик.............................................................................................................................55-58
10. Релевантни истражувања ..........................................................................................58-60

**ВТОР ДЕЛ**

Методологија на истражувањето ..............................................................................61-65

**ТРЕТ ДЕЛ**

**АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

11. Анализа на работна документација ......................................................................66-68
11.1 Анализа на планови за часови кај прво ниво на изучување на англиски јазик.............................................................................................................................68-71
11.2 Анализа на планови за часови во вториот степен на изучување на англиски јазик... ......................................................................................................................71-73
11.3 Анализа на планови за часови во третиот степен на изучување на англиски јазик.... .....................................................................................................................73-76
12. Анализа и интерпретација на резултатите од интервјуто.........................................77-80
13. Анализа и интерпретација на резултатите од прашалникот ....................................81-93
14. Заклучок.........................................................................................................................93
Користена литература .....................................................................................................94-96
Прилози ........................................................................................................................97-103

# I ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## ВОВЕД

Секое општество му подлежи на промени. Така, и ние сме сведоци дека живееме во време кога настануваат суштествени промени во нашето општество. Во ова време на брзо менување на нештата, промените во образованието не изостануваат. Странските јазици почнуваат да се изучуваат уште од рана возраст, се менува значењето на одредени предмети во наставата. Воочливо и видливо е дека во училиштата сѐ повеќе и повеќе се изостава традиционалното водење на часовите и традиционалната настава. Со други зборови, поприсутна е модерната, современа настава која е насочена кон ученикот, а наставникот се појавува во улога на водич или олеснител во текот на наставните часови. Тоа пак, води до фактот дека и методите на настава се менуваат. Наставниците со тоа што ги менуваат методите се трудат да изнајдат и начини за да им се олесни учењето на учениците и да им се овозможи тие полесно да можат да ги совладаат знаењата. [1]

Една од промените кои настанаа во образованието во Р. Македонија е токму изучувањето на англискиот јазик во првиот развоен циклус уште од прво одделение. Тоа значи дека децата дури од најмали, со самото поаѓање на училиште се запознаваат со англискиот јазик. Поради ваквите и слични промени кои се настанати во образованието, многу наставници, истражувачи, педагози го истражуваат методот на игра вклучен во наставата по англиски јазик. Односно, овој метод како наставен метод во училиштата наишол на големо внимание, особено од страна на наставниците. Поради фактот дека постојат навистина голем број на истражувања за оваа појава, во оваа област се забележува значаен придонес и успех. Тоа значи дека не само во нашата држава, туку и во многу други држави во светот, просветните лица се заинтересирани за оваа тематика. Тие постојано трагаат по нови одговори, за да би им се овозможило на учениците полесно совладување на знаењата.

[1] Д-р Прентон, К. и Јанкуловска С. (2009), Настава и учење во 21-виот век, Скопје: АД Печатница Напредок – Тетово
http://toolbox.pep.org.mk/Files/MK_Nastava%20i%20ucenje%20na%2021-ot%20vek.pdf

Ова истражување е насочено кон ученици кои се во првиот развоен циклус од деветтогодишното основно образование во Република Македонија. Тоа значи дека во ова истражување се истражува методот на игра при раното изучување на англискиот јазик во училиштата.

Првиот дел на ова истражување се состои од теоретски пристап на некои од најзначајните прашања поврзани со истражувањето на методот на игра при раното изучување на англискиот јазик. Објаснети се некои од суштинските поими за ова истражување. Се започнува со општ дел каде се истакнуваат основните карактеристики на раното изучување на англискиот јазик во Р. Македонија, се оди до опишување на методот на игра во наставата по англиски јазик, со сите свои особености, за да на крај се завршува со значајни релевантни истражувања во Македонија и во светот околу раното изучување на англискиот јазик преку метод на игра.

Вториот дел од истражувањето вклучува различни елементи од претходниот. Во него се содржани главните карактеристики на методологијата на истражувањето. Со други зборови, во овој дел даден е приказ на основните поими поврзани со истражувањето, како: предмет на истражување, цел на истражување, задачи на истражувањето, хипотези, варијабли, методи, техники и инструменти на истражувањето, како и примероците на истражувањето.

Во третиот дел на истражувањето, се прикажани податоците од анализата и интерпретацијата на резултатите од интервјуто наменето за наставниците, како и анализата и интерпретацијата на резултатите од партиципативното набљудување.

Последниот, односно завршниот дел од ова истражување вклучува прилози, заклучни сознанија и препораки за иднината, како и список на користена литература.

## 1.РАЗЛИКИ МЕЃУ ТРАДИЦИОНАЛНОТО И СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ

Поради промените кои постојано настануваат во образованието, се менува наставата во училиштата. Тоа придонесува да се менува и самото училиште како институција за едукативно образование и воспитание. Познато е дека во дваесет и првиот век, се зголемува бројот на наставници кои се обидуваат да го напуштат традиционалното водење на часовите и да го заменат со модерното, демократско водење на часовите. И токму поради оваа појава, се појавиле значајни разлики помеѓу двата вида на училишта, кои се многу воочливи и до ден денес. Тоа се спротивности и разлики кои го издвојуваат демократското училиште од традиционалното, или традиционалното од модерното. Во „Прирачникот со работилници за современи и креативни методи и техники за учење”, запишани се тие разлики кои го одвојуваат традиционалното од модерното училиште и обратно.

Познато е дека во процесот на одлучување во демократските училишта можат да учествуваат или да се вклучат сите членови на училишната заедница, како: наставниците, учениците, управата. Тоа се разбира, влијае на воспоставување на значителна соработка меѓу тие членови на училишната заедница. Ова значи дека моќта во овие училишта е дисперзирана. Додека пак, во традиционалните училишта се случува сосем спротивното, односно моќта е централизирана. Ова пак значи дека одлучувањето е хиерархиско и дека директорот донесува одлуки во рамките на училиштето (како менаџер на истото); наставникот одлучува во рамките на училницата; министерството пак, одлучува за програмите и плановите во наставата.

Една од најесенцијалните разлики помеѓу овие два вида на училишта е односот спрема знаењето. Во традиционалните училишта, учениците најчесто учат со меморизирање на факти, односно механички. Фактите се прикажани како апсолутно вистинити и точни, единствени, изолирани и дистанцирани од практиката. Тука, може да се стави посебен акцент на неможноста да се мотивираат учениците да размислуваат со сопствен разум и ум, да го развиваат креативното и критичкото размислување. Спротивно, во демократските училишта, состојбата е инаква. Знаењето се стекнува од најразлични извори, што значи дека наставниците

и учебниците не се единствениот извор на знаења. Значи, постојат многу други извори на знаење кои им се презентираат на учениците. Знаењето пак, е мултидимензионално, мултидисциплинарно, со кое им се овозможува на учениците подобро да ја сфатат сложеноста на одредени појави, процеси и состојби. Така, наставниците ги поттикнуваат учениците да учат од конкретни примери, да размислуваат критички и да и дадат простор на креативноста да преовладува на часот. Со ова се докажува особената важност на демократското образование кое се обидува да развива услови за критичко и креативно мислење кај учениците. Учениците се поттикнуваат да развиваат лични знаења и истите да можат да ги поврзат со знаењата и информациите кои ги добиваат во самото училиште.

Може да се забележи дека се чувствуваат значителни разлики и во целите на самото образование. Во традиционалните училишта, целите се насочени кон усвојување на готови знаења и информации и меморизирање на истите. Со тоа пак, се промовира униформност, конформизам и морализирање, односно формирање на индивидуи по однапред замислен шаблон. Додека пак, во демократските училишта, целите се насочени кон истражување на нештата, кон креативноста, кон критичкиот однос. Овие училишта се обидуваат да развијат осетливост за другиот преку промовирање на вредности, толеранција, и прифаќање.

Зборувајќи на оваа тема, треба да се напомене дека постојат разлики и меѓу наставниците. Наставникот во традиционалното училиште предава, дисциплинира и оценува. Во тој вид на настава, учениците се занемарени и целиот процес на предавање го води само наставникот, без притоа да им овозможи на учениците да дадат свое мислење. Учениците не учествуваат во активностите на часот, тие не учествуваат во процесот на самостојно откривање на знаења. На нив не им се дозволува да земат учество во наставниот час. Од друга страна, во демократските училишта наставникот не е само предавач. Тој е водич. Тоа значи дека наставникот дава насоки, координира, следи, и помага. Со тоа, учениците имаат поголема можност да го истакнат своето гледиште на нештата, да дадат мислење, да застанат цврсто за некој став. Учениците во модерните училишта активно учествуваат во процесот на учење. Учениците се поттикнати да дојдат до збор, вратите им се ширум отворени за откривање на нови знаења и искуства. Тие можат да ги изнесат

своите размисли, да дадат коментар за она што го изучуваат, да поставуваат прашања, да учат по пат на обиди и грешки со цел да дојдат до вистински знаења.

Од тоа што беше споменато погоре, се подразбира дека не треба да се изостави и да се потенцира разликата меѓу учениците во овие два вида на училишта. Ученикот во демократските училишта е слободен. Слободен при изразувањето, при искажувањето на она што го умее и мисли. Ученикот е и љубопитен и активен и има централна улога во школствувањето. Во традиционалните училишта, ученикот само слуша. Не е активен, туку напротив, ученикот е пасивен и некреативен. [2]

## 2. ИЗУЧУВАЊЕ НА СТАНСКИ ЈАЗИК ВО УЧИЛИШТАТА

Многумина истражувачи дале различни мислења во однос на изучувањето на странски јазик во училиштата. Така, некои од нив велат дека што порано децата започнуваат да изучуваат јазик, толку е повисока можноста да станат поспособни да го зборуваат јазикот и поискусни да го практикуваат, споредбено со изучувањето на јазикот подоцна. Една теорија која го поддржува раното изучување на јазикот е хипотезата на критичкиот период. Според теоријата, постои биолошки специфичен период од животот кога јазикот може да се учи полесно. Истражувачите како Lenneberg (1967) и Bickerton (1981)[3] тврдат дека по критичниот период, одредени способности на восприемање на јазикот се намалуваат. Според нив, усвојувањето на странскиот јазик ја достигнува критичната фаза за време на пубертетот, тогаш кога веќе луѓето не учат странски јазик.

Според Curtain и Dahlberg (2004)[4], главниот фактор во изучувањето на странски јазик е количината на времето што е потрошено. Тие нагласуваат: "Кога

[2]Блажева, А. и Чонтева, Ж. (2010), Прирачник со работилници за современи и креативни методи и техники на учење, Скопје:Маринг
http://www.algoritamcentar.edu.mk/programi/sovremeniikrativnimetodi.pdf
[3] http://www.bdigital.unal.edu.co/34029/1/34052-129756-1-PB.pdf
[4]http://www.sde.ct.gov/sde/lib/sde/PDF/Curriculum/Curriculum_Root_Web_Folder/BenefitsofSecondLanguage.pdf

изучувањето на јазикот започнува порано, обично трае подолго и може да обезбеди повеќе вежбање и искуство, кое пак би водело до подобра флуентност во зборувањето од една страна, и ефикасност, од друга страна". Како и да е, иако децата имаат извонредна способност да учат јазик, методите и техниките на учењето на деца може да донесе тотално спротивен резултат. Така, важно е да се земе предвид причината што ги спречува децата да учат јазик.

Првата причина која ги спречува децата во изучувањето на странски јазик настанува кога тие се чувствуваат неудобно во училницата, односно кога тие се чувствуваат како под притисок во местото каде што учат. Поради таа причина, се претпоставува дека тие не би можеле лесно да сфатат теоретски концепти на граматичките правила на еден јазик и како резултат на тоа, учењето на правила би ги збунувало уште повеќе. Краткиот обем на внимание со кои можат децата или учениците да се карактеризираат, предизвикува да не можат да се концентрираат на активности во училницата кои се со подолго времетраење, и тоа е всушност втората причина која го спречува изучувањето на странски јазик кај учениците. Здодевноста може да предизвика децата да станат незаинтересирани за она што се изучува во училницата.

Друга битна причина која е причинител за престанок на изучување на јазик е фактот дека е присутна прекумерена корекција од наставникот. Со други зборови, учениците може да престанат да го учат јазикот доколку наставникот посочува на секоја грешка што тие ја прават. За да не се создаде аверзија спрема предметот, наставниците треба внимателно да ги корегираат учениците, или да пронајдат начин на кој ќе можат да им ги посочат грешките на учениците, но тој начин да не биде навредлив за нив а и да не биде многу чест. Ниеден ученик не сака да има наставник кој постојано му кажува каде греши, тоа може да доведе учениците да престанат да го сакаат јазикот кој го изучуваат.

Покрај горенаведените причини, не е спорно дека никој не може да го натера детето да учи јазик. Како и да е, со создавањето на поволна средина, корисни ресурси, внимателно структуриран инпут, и можности за практична вежба, може да се обезбеди позитивна клима во училницата која ќе ги мотивира учениците да го засакаат јазикот и потоа, да го изучуваат, иако не треба да се заборави дека

учењето на странски јазик е навистина голем предизвик барајќи константен напор од страна на учениците и наставниците заедно.

Учениците го учат странскиот јазик доколку имаат можности да бидат изложени на истиот. Друг начин на кој тие го усвојуваат јазикот е доколку тие ги вклучат сите свои сетила со што целосно би се вклучиле во процесот: со набљудување, со имитирање на звуците и гестикулациите, со гледање и слушање. Тие учат и низ истражување, експериментирање, правење грешки, и проверка на нивното разбирање со повторување и чувство на (само)доверба.

Многумина од истражувачите сметаат дека подобро е да се изучува странски јазик на помала возраст. Тие мислат дека колку порано учениците ќе бидат изложени на странскиот јазик, толку подобро ќе го знаат. Ова се разбира не е толку точно поради фактот дека успехот во странскиот јазик не е одреден со возраста и факторите на изложување на тој странски јазик. Постојат многу други фактори кои ќе го поддржат аргументот дека учењето на странски јазик кај малите ученици ќе биде ефективно, како што се: природата на јазикот на кој инструкциите се даваат, психолошките и социјалните фактори, материјалите за предавање, индивидуалните разлики во когнитивниот стил, во стилот на учење и многу други фактори.

J. Harmer (2007)[5] тврди дека помладите ученици не се во сите случаеви подобри од постарите. Исто така, вели дека помалите ученици имаат поголема можност да ги научат јазикот како да им е мајчин, за разлика од возрасните. Понатаму, кажува дека учениците го репродуцираат акцентот со голема точност. Додека пак, истражувањата во усвојувањето на јазикот велат дека повозрасните ученици поседуваат повеќе добивки при учењето отколку помалите ученици. Patsy M. Lightbown и Nina Spada(1999)[6] покажуваат различни студии и истражувања кои докажуваат дека возрасните и адолесцентите повеќе напредуваат од малите ученици. Тоа може да е поради когнитивните способности на постарите ученици.

---

[5] Harmer, j. (2007), How to Teach English, England: Pearson Longman
[6] Lightbown, P. и Spada, N. (1999), How Languages are Learned, New York: Oxford University Press

## 2.1 ПРИДОБИВКИ ОД УЧЕЊЕ НА СТРАНСКИ ЈАЗИК

Кога станува збор за изучување на странски јазик, несомнено е дека се извлекуваат навистина големи придобивки. Тие придобивки се разбира дека се во корист на децата. Сега ќе се споменат најважните придобивки кои можат да се добијат од изучувањето на странски јазик во училиштата.

**1. Учењето на странски јазик го подобрува напредокот кај учениците кај другите предмети кои ги изучуваат**

Овде можат да се набројат начините на кои успева странскиот јазик да го подобри напредокот кај учениците кај другите предмети. Имено, со изучувањето на странски јазик се зголемува фондот на зборови кај учениците, односно се зголемува дијапазонот на зборови со кои тие може да располагаат, тие особено ги учат они зборови кои имаат потекло од латинскиот јазик. Понатаму, совладувајќи го новиот вокабулар, учениците ги збогатуваат своите вештини по читање, пишување, математика, и други премети. Со познавањето на странски јазик се вежба вербалната комуникација меѓу децата.

**2. Учењето на странски јазик допринесува за развој на основните вештини**

Ова значи дека постои навистина голема поврзаност меѓу учењето на странски јазик и подобрените резултати по читање. Се смета дека учениците кои изучуваат странски јазик располагаат со подобри вештини за слушање и поостри сеќавања, за разлика од оние кои не изучуваат странски јазик.

**3. Учењето на странски јазик допринесува за повисок ред и креативно мислење**

Неколку истражувања покажуваат дека учениците кои изучуваат странски јазик се многу покреативни и дека тие полесно ги решаваат проблемите. Тие покажуваат поголема когнитивна флексибилност. Тие сфаќаат како функционира еден јазик и токму поради тоа ги користат своите вештини за да манипулираат со јазикот со цел да размислуваат и да ги решаваат проблемите.

**4.Учењето на странски јазик го збогатува и потикнува когнитивниот развој кај учениците**

Многу истражувачи сметаат дека децата на рана возраст можат да учат било колку јазици. Имено, Децата располагаат со таков капацитет. Ним не им е тешко да го научат јазикот кој го слушаат редовно. Тоа за децата е природно. Додека пак, како одраснуваат станува сѐ потешко и потешко. Студиите покажуваат дека кога децата се изложени на странски јазик на помала возраст тие достигнуваат повисок степен на когнитивен развој.

**5.Изучувањето на стански јазик го зголемува чувството кај децата за успех**

Изучувањето на јазик е област каде учениците можат да постигнат успеси и таквите успеси да бидат забележани од нивните врсници. Исто така, во ваква средина, каде се изучува странски јазик, учениците учат дека постои или постојат и други јазици кои имаат вистинска вредност.

**6.Учениците кои изучуваат странски јазик добиваат повисоки резултати на стандардизираните тестови**

Како што самиот наслов кажува, многу истражувања покажуваат дека учениците кои изучуваат странски јазик добиваат повисоки оцени и повисоки резултати на стандардизираните тестови. Тие покажуваат навистина добри резултати и на вербална и невербална интелигенција.

**7. Учењето на странски јазик промовира свесност за култура**

Ова значи дека кога децата на училиште учат нов јазик, тие истовремено ја учат и културата на тие луѓе. Имено, сведоци сме дека во сите учебници кои се користат во училницата, главни ликови во книгите се разбира луѓе кои живеат во таа држава и каде се спомнуваат места кои навистина постојат. Се користат најчести имиња, најчести места каде луѓето одат, се претставува нивната традиција и култура. Со запознавањето на децата со културата се олеснува комуникацијата помеѓу наставникот и учениците. Учениците учат да ценат други култури, учат да научат дека и други култури освен нивната имаат посебно значење и важност.

**8. Со изучувањето на странски јазик поголема е можноста учениците да бидат примени на факултет**

Да се знае странски јазик многу е важно и популарно. Во време кога да се знае странски јазик ( во последно време тоа е англискиот) е навистина неопходно, учениците треба да бидат подготвени за тоа. Не само што со познавањето на странски јазик учениците можат да постигнат подобри академски резултати во училиште, туку тие можат полесно да се запишат на факултет. Или, познавањето на странски јазик да се смета како нивна предност.

**9. Познавањето на странски јазик ги зголемува можностите за напредок во кариерата**

Со тоа што учениците ќе вежбаат да го научат странскиот јазик, да го користат на ним им се отвараат нови можности да запознаваат нови луѓе и да комуницираат со нив. Исто така, им се отвара патот и за патувања, каде истовремено ќе запознаваат луѓе и култури. Со тоа, се отвора и можност за напредок во кариерата.

**10.Странскиот јазик допринесува за прифаќање и сигурност во општеството**

Имено, со тоа што децата изучуваат странски јазик уште од мали, се доведува до интересна ситуација. Децата можат да комуницираат со други деца од разни култури без притоа да покажуваат знаци на дискриминација. Со тоа, тие се чувствуваат посигурни во општеството, што ќе придонесе за слободно изразување во истото.

## 3. ВАЖНОСТА НА ИЗУЧУВАЊЕТО НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК

Не постои сомнеж дека познавањето на англискиот јазик е од голема важност во светот во кој живееме и делуваме. Поради тоа, се наметнуваат многубројните причини кои одговараат на прашањето зошто изучувањето на англискиот јазик е доста значајно.

Меѓу причините за прва се зема важноста на англискиот јазик како интернационален јазик. Англискиот јазик е најчесто користен јазик помеѓу говорителите на странски јазици. Кога луѓе од различни земји се наоѓаат на едно место, тие комуницираат на англиски јазик.

Потоа, битен е за кариерата и професионалниот развој на личноста. Во бизнисот, англискиот јазик е еден од најкористените јазици во светот. Тоа значи дека со англискиот јазик може да се очекува голем напредок во кариерата. Исто така, англискиот отвора можност за аплицирање за работни позиции во чиишто квалификации се вбројува познавањето на англиски јазик.

Друга причина за потребата од изучување на англискиот јазик е едукативната. Одлуката да се изучува нов јазик и посветеноста да се учи нова дисциплина не е баш лесен чекор. Меѓутоа, со изучувањето на англискиот јазик се доградуваат и надополнуваат образовните потенцијали кај учениците. Со тоа што тие се посветуваат на изучувањето на граматичките форми, подоцна се покажува како доста корисно и во други сфери во животот.

Наредна причина е запознавањето на нови луѓе и комуникацијата со нив. Постојаното запознавање со нови луѓе, стекнување нови знаења, искуства и вештини, претставуваат предизвик за учење на англиски јазик. Без разлика дали се работи за некој колега од истата компанија или некој пријател случајно запознаен на некоја забава, придобивките од комуницирање со луѓето на полесен начин се јасни. Во последно време, кога културната размена и поголемата можност за патување низ светот, ни е уште една дополнителна причина за можност за зборување на англискиот јазик.

Исто така, многу е важно да се истакне важноста на англискиот јазик кога патуваме. Каде и да одиме, знаејќи дека англискиот јазик во моментов е интернационален јазик, ја сфаќаме неопходноста од зборување на истиот. Кога се одлучуваме да патуваме, знаејќи го англискиот јазик, ни се олеснува снаоѓањето во државата каде патуваме, а истовремено и заштедуваме време. Полесно може да се разбереме со луѓето, да дојдеме до некои информации, подобро да го запознаеме местото каде одиме.

## 4. ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО РАНО ДЕТСТВО

Поради фактот дека децата растат и се во постојан развој, тие сѐ уште се учат да се контролираат и да ги управуваат своите емоции и однесување. Кога тие ќе се налутат или пак, ќе се возбудат, тие ја губат контролата на своето однесување. Учениците можат брзо да го загубат интересот кога прават нешто непредвидливо, и токму непредвидливоста е онаа која ги разликува од тинејџерите и возрасните. (Clark 1990)[7] Учениците веднаш ќе им покажат на наставниците дека им е досадно преку нивното однесување: тие стануваат неуморни, им додеваат на други соученици и така натаму. Ова не значи дека возрасните не се досадуваат на часот. Но, кога на возрасните или тинејџерите ќе им стане досадно, тие ќе издржат, знаејќи го фактот дека тие одбрале да го учат англиски јазик. Со други зборови, тие ќе ги скријат своите чувства. Кога работаат во групи или парови, возрасните наоѓаат начин да соработуваат со учениците во својата група, затоа што знаат дека тоа што го прават ќе им биде од корист и ќе им помогне при совладувањето на англискиот јазик. Децата нема да разберат зошто работаат на тој начин. Поради тоа, наставниците ќе треба повеќе да ги набљудуваат и повнимателно за да активноста биде ефикасна. Исто така, може да се забележи тоа дека децата посветуваат поголемо внимание на смислата, отколку на формата.

Детскиот инстинкт вели дека тие во секоја ситуација, сакаат да разберат и да најдат смисла во тоа што го прават. Ако ги проучувате децата кога гледаат цртан филм, филм, или приказна на некој странски јазик, тие постојано се обидуваат да сфатат што се случува, забележувајќи ги физичките или визуелните знаци кои ги прават луѓето, местата, гестикулациите на луѓето и слично. Тие не обрнуваат внимание на зборовите кои се користат токму заради тоа што тие сакаат да знаат што навистина се случува. Ова е многу различно кај возрасните и тинејџерите, затоа што тие се заинтересирани за јазикот, за формите на јазикот и можат да ја искористат нивната когнитивна свест за да бидат аналитички настроени кон истиот. И како последна причина се наведува учењето преку искуство и активности.

---

[7] Clark, S.N. and Clark D. C (1994), Restructuring the Middle Level School: Suny Press

Децата поседуваат силен инстинкт од раѓање за истражување на својата околина. Ова може да се забележи кога гледаме како децата сакаат да допрат и играат со нештата, допирајќи дугмиња, копчиња. Некои од истражувачите сметаат дека токму овој начин на истражување преку активности е всушност основата на когнитивниот развој кај децата. Кога станува збор за изучување на јазик, децата поверојатно е дека ќе ги усвојат граматичките правила, функции, новите зборови, преку учествување во активностите, на кои пак им треба учеството од учениците, наместо да се изучува јазикот формално и промислено. На пример, ако учениците ги следат инструкциите за тоа како да изработаат маска и потоа да ја искористат истата таа маска за да учествуваат во игра со смена на улоги или пак во некоја драма, може да се каже дека активностите во кои тие биле вклучени го поддржуваат разбирањето на јазикот кој се користи, иако учениците можеби и нема да станат свесни за јазикот кој го слушаат или го употребуваат при играта. Тоа значи дека тие полека ќе почнат да усвојуваат дел од јазикот на кој што биле изложени сосем случајно и ненамерно. Ова ја покажува и разликата меѓу децата и возрасните, кои пак можат да учат и преку анализа и преку искуство. [8]

## 4.1 ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК КАЈ МЛАДИ УЧЕНИЦИ

Младите изучувачи на англискиот јазик ќе го научат јазикот најдобро, тогаш кога во процесот на учење ќе бидат вклучени луѓе кои ќе им го олеснуваат учењето постојано и ќе го земат во вид начинот на којшто учениците учат за изведување на практични вежби. Пијаже во 1967, вели дека развојот може да се следи во неколку фази, и тие се:

1. сензорно-моторна фаза (0-2 години) во која детето учи преку физичка интеракција со светот што го опкружува;
2. пре-оперативна фаза (2-7 години) каде учениците бараат конкретни нешта и ситуации сè со цел да развиваат идеи;

[8] Moon J., (2005), Teaching English to young learners: British Council

3. конкретно-оперативна фаза (7-11 години) каде детето почнува да апстрактно да решава некои проблеми, иако тие сеуште учат преку правење на нештата;
4. формално-оперативна фаза (11-15 години) во која учениците се способни да мислат.

Според оваа поделба може да се забележи дека кога станува збор за млади ученици, всушност се мисли на оние кои ја опфаќаат конкретно-оперативната фаза, или учениците на возраст од 7 до 11 години. Во оваа фаза, учениците учат од конкретни предмети, што се наоѓаат околу нив. Пијаже верувал дека учениците можат да напредуваат и одат во следна фаза, доколку ја имаат завршено претходната.

Познатиот пуски психолог Виготски, 1978 верувал дека јазикот е основен во когнитивниот развој кај децата. Тој сметал дека со давањето на инструкции од некој возрасен им се помага на учениците во процесот на развојот и учењето.

Разликата помеѓу погледите на Пијаже и Виготски е во тоа што според Пијаже, учениците учат низ посебните фази на учењето сами. Виготски си останал на својот став дека постои разлика помеѓу што може детето да постигне (и како може да се развие) кога учи само, и што може детето да постигне (и да се развие) кога возрасен би работел со него.

Додека пак, Брунер (1983) сметал дека учениците се развиваат и растат затоа што возрасните им пружаат помош во мислењето и процесот на учење. Наставниците им помагаат на учениците со тоа што им го олеснуваат процесот на учење, понудувајќи им го фондот на зборови и поставувајќи некои прашања кои даваат насоки.

Donaldson (1978)[9] пак вели дека децата или учениците се способни когнитивно да се развијат со обид да им дадат смисла на искуствата што ги искусиле, со поставување на прашања или со правење на нештата.

Од друга страна, постои сосем поинакво мислење во врска со усвојувањето на јазикот. Chomsky (1959)[10] сметал дека на учениците не им е потребно формално

[9] Donaldson, M. Children's Minds, (1978): HarperCollins New Ed Edition (1986)

вежбање за да го научат својот мајчин јазик. Понатаму, тој верувал дека учењето е вродено, во смисла дека во секое дете постои вродена способност за изучување на јазик. Неговата идеја е пропратена со терминот: Хипотеза на критичкиот период од Eric Lenneberg (1967) кој учел за постоењето на критички период кој траел се до 11-тата година, до која учениците се способни да научат јазик. Тој верувал дека доколку децата се запознаат со јазикот после оваа возраст потешко е да се научи истиот јазик. И всушност, оваа хипотеза се цитирала како една од причините заради кои изучувањето на странскиот јазик започнува од рана возраст.

Сите деца учат за нивниот свет, за светот во кој живеат на различен начин, користејќи ги нивните омилени начини на учење. Како што е познато, некои сметаат за визуелни, некои за аудитивни, а некои за кинестетички ученици. Земајќи ги предвид преферираните стилови на учење кај учениците е нешто многу битно затоа што некои истражувања (Berman, Ellis, Brewster, 2002)[11] покажуваат дека постои корелација помеѓу успехот во изучувањето на странскиот јазик со нивните омилени стилови на учење. [12]

Англискиот јазик е еден од интернационалните јазици кој се употребува како средство за комуникација во рамките на интернационалните врски и е широко употребуван во светот на знаењето. Brown (2001)[13] истакнува дека англискиот јазик не се користи за разбирање и учење на американски или британски културни вредности, туку дека англискиот јазик е средство за интернационална комуникација за транспорт, трговија, банкарство, туризам, технологија, дипломатија, и научни истражувања. Базирано врз овие факти, соодветно е што англискиот јазик е вклучен во училишната програма во основното образование.

Изучувањето на англискиот јазик во основното училиште ги оспособува учениците со способности во *златната доба* – доба во која учениците сѐ што учат, учат лесно. Две од овие способности се: јазична компетенција и јазична изведба. Во

---

[10] http://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2774611/

[11] http://www.york.ac.uk/media/educationalstudies/documents/teyl/TEYL%20Seminar%20Papers%202011%20edited.pdf

[12] Teaching English to Young Learners: How They Learn and Pedagogical Implication

[13] Brown, D. Teaching by Principles: an interactive approach to language pedagogy, White Plains, NY: Longman 2001

согласност со Chomsky (Clark and Clark 1977)[14] се истакнува дека лингвистичката односно јазичната компентенција е капацитет на личноста да го користи јазикот, додека пак, јазичната изведба е всушност примената на таа компетенција во зборувањето или слушањето. Brown (1987) посочува дека компетенцијата се однесува на основното знаење на некој систем, настан или факт. Тоа е ненабљудувано односно идеална способност за правење на нештото, за да изведе нештото. Изведбата е отворена, набљудувачка и конкретна манифестација или реализација на компетенцијата. Тоа е и самото правење на нештата: танцување, пеење, играње, шетање или зборување.

Изведувањето на часот по англиски јазик во основното училиште е соодветна одлука погледната од фактот дека учениците во основното образование имаат златен период, периодот кога тие може да го учат јазикот на лесен начин. Во овој период, нивниот мозок е сеуште флексибилен за да тие се способни да учат се, вклучувајќи ги и јазиците. Покрај другото, пристапот на учениците за други јазици и култури е отворен и овие однесувања им помагаат на учениците да ги научат јазиците.

Децата можат да научат што и да е во било кој период доколку материјалот кој се изучува се презентира на разбирлив начин. Така, учителот по англиски јазик треба да следи спирален курикулум. Наставниците, исто така, треба да ги земат предвид четирите карактеристики на нивните инструкции: влезна информација, текот на презентација, награда и казна.

Во предавањето на англискиот јазик на младите ученици наставниците мораат да го разберат концептот на усвојувањето на јазикот и концептот на учењето на истиот. Усвојувањето на јазикот би значело процес на прифаќање на јазикот природно или несвесно. Од друга страна, учењето на јазикот е свесен процес. Krashen и Terrell (1983:18)[15] образложуваат дека усвојувањето на јазикот е развивачка способност во јазикот со негово користење во природни, комуникативни ситуации. Децата го усвојуваат мајчиниот јазик, и веројатно е дека го усвојуваат вториот јазик. Учењето на јазикот е различно од усвојувањето.

[14] Clark, H. ; Clark, E. Psychology and Language: 1977

[15] Krashen, S & Terrell, T. (1983)The Natural Approach: Language Acquisition in the Classroom. Oxford: Pergamon

Изучувањето на јазикот е всушност, знаење на правилата, или поседување на свесно знаење за граматиката. Според едно поново истражување, изгледа дека формалното изучување на учење на јазикот не е ни блиску важно во развивање на комуникативната способност за вториот јазик, како што и претходно се мислело.

Изучувањето на англискиот јазик на малите ученици во основното училиште бара ситуации каде учениците усвојуваат јазични способности преку средства за усвојување, а не за учење. Тоа значи дека учениците го усвојуваат јазикот природно и комуникативно.

Во процесот на изучување, наставниците по англиски јазик мора да ги знаат видовите на материјали и ресурси за учење за малите ученици, како што се следниве:

- Материјалите за учење не се дополнителни материјали за задоволство, туку основни материјали кои се сметаат за интересни активности кои учениците ги прават во нивниот секојдневен живот;
- Материјалите за учење мора да бидат соодветни на однесувањето, желбата, светот на децата. Така, идеални наставници по англиски јазик се оние кои се запознати со англиски песни и игри на англиски јазик;
- Мора да постои јасна граница помеѓу техника и ресурс. Песни, игри, поеми и приказни се ресурси. [16]

При предавањето на англиски јазик на млади ученици, наставниците треба да ги разбираат принципите при изучувањето на англиски јазик, а тие се следниве:

а) Учениците учат искусувајќи ги нештата, со тоа што тие манипулираат со нив, со оние кои ги опкружуваат. Пијаже истакнува дека учениците во основното училиште се наоѓаат во оперативната фаза на когнитивниот развој. Ова значи дека тие учат со раце – со искуства и со ракување со објектите во средината. Исто така, многу е

[16] Teaching English to Young Learners and Factors to Consider in Designing the Materials

важно наставниците по англиски јазик да користат медуиуми и материјали од реалниот живот за да можат учениците да сфатат полесно и подобро;

b) Учениците учат во социјален контекст, во групи каде што се знаат еден со друг. Виготски пак, потенцира дека учениците учат во социјален контекст во кој некои од членовите во групата, знаат повеќе од другите. И затоа, наставниците треба да се трудат да создаваат такви ситуации кои ќе личат на тие ситуациии од социјален контекст;

c) Усвојувањето на јазикот се одвива тогаш кога изучувачите разбираат како се користи јазикот. Виготски исто така, истакнува дека усвојувањето се случува тогаш кога учениците сфаќаат како јазикот функционира, со тоа што учениците ги тестираат хипотезите кои се однесуваат на јазикот;

d) Усвојувањето на јазикот зазема место во социјална интеракција. Виготски понатаму, потенцира дека усвојувањето се појавува кога постои социјална интеракција. Тоа значи дека наставникот по англиски јазик треба да го зборува јазикот природно, исто како да се наоѓа во тоа општество.

За да се направи ситуација на изучување на англискиот јазик која ќе поттикнува комуникација, наставниците по англиски треба да ги разбираат принципите на комуникација, објаснети од Morrow (1983:60-64). Тие се:

- Наставниците треба да знаат што прават;
- Треба да знаат дека целото е повеќе од збирот на деловите;
- Процесите се исто битни колку и формите;
- За да се научи, треба да се направи;
- Грешките не се секогаш грешки.

Да се предава англиски на мали ученици како втор, странски јазик бара посебни вештини и интуиција кои ќе се разликуваат од тие при предавањето англиски кај возрасни ученици. Така, потребно е да се издвојат петте категории кои се предложени од Браун (2001) за презентирањето на некои практични пристапи во предавањето на млади ученици:

а) Интелектуален развој;

б) Поврзано е со тоа што го претставувал Пијаже, дека младите ученици учат и разбираат од нешто конкретно. Граматиката и други правила ставени како апстрактни форми треба дефинитивно да се избегнуваат, но одредени шаблони, примери и повторувања треба да се развијат;

в) Интервал на внимание;

г) Имајќи го на ум фактот дека кај учениците времето на внимание е кратко, подобро е и покорисно да се направат часовите поживи, поинтересни и позабавни. Активностите кои се избираат, треба да им го привлечат вниманието и интересот на учениците, на еден час потребни се неколку активности, наставникот треба да анимира, да биде жив и да покажува ентузијазам за материјалот кој се изучува. На часот му треба и смисла за хумор, и треба да се знае дека учениците поседуваат природна љубопитност. Како резултат на тоа, битно е наставниците да можат да им навлезат во тој свет на љубопитност каде можат, за да им го задржат вниманието и фокусот;

д) Сензорен инпут;

ѓ) Во контекст на сензорниот инпут, активностите што ќе бидат на часот, треба да бидат со визуелен и аудитивен модел. Тоа значи дека активностите треба да вклучуваат физички активности, проекти и активности кои учениците ги прават со рака, сензорни помагала, и невербален јазик;

е) Афективни фактори ;

ж) Децата се често иновативни. Тие се сензитивни. Поради тоа, наставникот треба да создаде таква атмосфера на часот што ќе им

дозволи на децата да се смеат со своите грешки (не да се исмеваат) еден на друг, со грешките кои ги прават, да бидат трпеливи, да изградат самодоверба, да бидат решителни, и да извлечат колку што е можно повеќе говорна партиципација од учениците;

з) Автентичен, значаен јазик.

Учениците се фокусирани на тоа за што може да се искористи новиот јазик сега и овде. Тие помалку ќе сакаат да започнат да изучуваат јазик кој не им ветува моментални резултати. Децата имаат чувство за распознавање на јазик кој не е автентичен, односно, крутиот јазик ќе биде одбегнат. Јазикот што се изучува треба да биде вклопен во контекст и да не биде контекстот намален. Целосен јазичен пристап е потребен. Тоа значи ако јазикот е поделен на делови, учениците нема да ја видат врската со целото.

При предавањето на англиски јазик на млади ученици или ученици во основно образование, потребни се неколку работи кои треба да се направат.

а) Јазични фрази – при вежбањето на зборување на англиски, учениците треба да користат фрази кои имаат целосно значење. На овој начин учениците ќе можат да ја разберат функцијата на јазикот како средство за комуникација, иако тие на почетокот нема да знаат што навистина значат фразите кои ги употребуваат, како на пример: Good morning; Good afternoon; Never mind; Thank you. Можеби на почетокот, учениците не го знаат значењето на наметнатите фрази, но го разбираат користењето на тие изрази. На пример, кога ќе се сретнат наутро со своите другари, тие ќе ги поздрават со "Good morning", кога ќе ги сретнат напладне, ќе им речат "Good afternoon", кога ќе сакаат да се заблагодарат ќе кажат "Thank you" итн.

б) Користење на медиуми – користењето на разни медиуми на часот се гледа како средство со кое наставниците можат да ја направат атмосферата во училницата пожива. Тоа исто така, им помага на наставниците да даваат материјали и децата да ги разберат материјалите

што им се дадени. Наставниците може да користат флешкардс, слики и различни материјали од секојдневниот живот, сè со цел да ја направат атмосферата во училницата жива и да ја доближат до надворешниот свет. Користењето на овие алатки им помага на наставниците да бидат набљудувачи и олеснувачи на часот и да ги ослободат учениците да го сфатат бенефитот на јазикот и да ги научат да го засакаат искуството да се биде способен да се комуницира на друг јазик со други луѓе од целиот свет. (Abe, 1991:266-267)

в) Активности базирани на теми – овие активности уште се викаат и тематски пристап (Hudelson, 1991). Овие активности започнуваат со предмет соодветен за учениците и тогаш тој предмет е дизајниран за да ги вклучи учениците во истражувањето на темата и користење на јазикот како интегрален дел и основа на истражувањето. Познавачи на овој пристап веруваат дека учениците ќе бидат мотивирани да го користат новиот јазик ако нивното внимание е насочено на тема или предмет што нив ги интересира, или за кој тие се грижат.

Користењето на темата го поддржува успехот на предавањето на англиски јазик на млади ученици затоа што материјалите се базирани врз искуствата на учениците и интересот за темата. Тие ќе можат да поврзат збор, функција или ситуација со дадената тема. Ова поврзување им помага на учениците во меморирањето, а учењето преку контекст им помага во разбирањето.

Кога учениците се концентрираат на одредена тема или наслов, содржината на часот станува поважна отколку јазикот во целина. Ова значи дека е полесно да се поврзат часовите со искуствата и интересите на учениците. (Scott and Ytreberg, 1993:84)[17]

Работењето на тема може да го олесни процесот на учење. Учениците можат да поврзуваат зборови, функции, структури и ситуации со конкретна тема.

[17] Scott, W. & Ytreberg, L. Teaching English to Children 1983

Поврзувањето ја подобрува меморијата и изучувањето на јазикот во контекст му помага на разбирањето и меморијата.

## 4.2 ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ПРВИОТ РАЗВОЕН ПЕРИОД ВО Р.МАКЕДОНИЈА

Кога станува збор за предметот англиски јазик мора да се напомене дека англискиот јазик во Р.Македонија има огромно значење. Поради тоа, англискиот јазик е поставен како прв странски јазик во училиштата. Тој е застапен во наставниот план за деветгодишното основно образование во сите три развојни периоди, почнувајќи од прво одделение па сè до крајот на деветтото одделение.

Штом се знае неопходноста и поставеност на англискиот јазик како прв странски јазик во македонските училишта, се наметнува прашањето зошто е избран токму англискиот. Одговорот на ова прашање е многу едноставен. Имено, во наставниот план за деветогодишно основно образование, англискиот јазик е застапен поради современите тенденции во образовните системи на повеќето земји во Европската унија. Таму, на првиот странски јазик му е посветено посебно значење. Поради тоа, уште од најмала возраст, учениците започнуваат со изучувањето на прв странски јазик. Современата настава по странски јазици е богата со усни и писмени комуникациски компетенции на странскиот јазик проширени со читачки, социокултурни и интеркултурни компетенции. Современата настава е секако насочена кон ученикот, кој всушност претставува субјект на наставниот процес. Со тоа, се отвора можност неговиот когнитивен, афективно-социјален развој, како и на развојот на неговата самостојност во учењето и стекнување на стратегии на учење како основа за доживотно учење. [18]

Во наставниот план за деветгодишно основно образование, учењето на англискиот јазик во првиот циклус е задолжително. Тоа значи дека учениците, уште со првото поаѓање на училиште изучуваат англиски јазик. Во прво одделение, учениците слушаат англиски јазик, еден час неделно, односно 36 часа на годишно ниво.

---

[18] http://bro.gov.mk/?q=mk/osnovno-obrazovanie

За да се одредат конкретните цели кои треба да се постигнат во прво одделение, неопходно е да се истакнат и напоменат целите кои се постигнуваат во развојниот период од прво до трето одделение. Целите, воглавно се поврзани со учениците нивното оспособување да зборуваат и разбираат по нешто користејќи го англискиот јазик.

Како прва цел се истакнува мотивацијата за изучувањето на англискиот јазик. Може да се каже дека таа е една од главните одлики дали учениците ќе ги научат или нема да ги научат основите на англискиот јазик. Тоа значи дека наставниците треба да се трудат да ги мотивираат учениците за англискиот јазик, да сакааат да го изучуваат, да ги убедат дека можат да успеат да научат.

Понатаму, се споменува склопот од развивањето на способности и вештини кои ќе им помогнат на учениците да разбираат едноставни јазични искази, да можат да се изразуваат усно, да можат да препознаваат реченици и зборови, да користат одреден фонд на зборови.

Исто така се споменува можноста да учениците бидат вешти по спелување, да ги препознаваат англиските букви. Да знаат да напишат зборови користејќи ги буквите од англиската азбука.

И на крај, цел на овој развоен период е учениците да може да се воведат во некои елементи од културата во земјите каде се зборува англискиот јазик, со што учениците на некој начин се подготвуваат за делување и живеење во некоја таква средина или држава. Постои една, поважна цел, да учениците да се оспособат да можат да ги воочуваат културолошките разлики преку воспитни и социолошки содржини. Тие пак, ќе претставуваат основа за развивање на толеранција и емпатија кон другите и различните.

Тоа значи дека од првото до завршувањето на третото одделение, во наставниот процес треба да се реализираат следниве цели:

- ученикот/ученичката да се мотивира за изучување на англискиот јазик;

- ученикот/ученичката да ги развива способностите и вештините за слушање и разбирање на едноставни јазични искази;
- ученикот/ученичката да ги развива способностите и вештините за усно изразување, во согласност со возраста;
- ученикот/ученичката да препознава и разбира зборови и куси едноставни реченици;
- ученикот/ученичката да се оспособува да користи едноставен вокабулар во едноставни јазични искази;
- ученикот/ученичката да се запознае со англиското писмо и неговата правилна примена на ниво на пишување познати зборови по спелување;
- ученикот/ученичката да се воведе во некои елементи од културата на земјите со англиски говорен јазик и други култури во согласност со возраста. [19]

### 4.2.1 СТРАТЕГИИ НА ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

Според наставната програма по англиски јазик за прво одделение, при планирањето на наставата предвид се земени содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во првото одделение, сè со цел да се почитува принципот на меѓупредметно поврзување по однос на содржините и целите.

Наставата по англиски јазик кај најмалите ученици се заснова на мултисензорно и холистичко учење. Бидејќи холистичкото учење ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти кај учениците, наставниците се обидуваат да ги интегрираат различните компоненти заедно со визуелното, аудитивното, тактилното учење, со што јазикот би се учел на функционален начин.

[19] http://bro.gov.mk/docs/Iodd_nastavna_programa_MK-ALB_za_web.pdf

Во наставната програма по англиски јазик за прво одделение стои дека во прво одделение му се посветува повеќе внимание на усното искажување, кое пак се поврзува со дадена ситуација преку игри, драматизација, песни или движења кои би ја поттикнале фантазијата и креативноста кај учениците. Поради тоа, многу активности кои се предвидени во наставата се поврзани со слушање на аудиоснимки, посочување на конкретни на лица и предмети во училницата, пеење песнички, покажување на слики од сликовници, игри, говорни вежби, вежби со илустрации и многу други.

Како што претходно е напоменето, во наставниот план и програма за учениците во прво одделение е предвиден еден час по англиски јазик неделно, или тоа се 36 часа по англиски јазик годишно.

Во наставната програма за прво одделение, се исто така истакнати целите кои треба да се постигнат или реализираат во текот на една учебна година. Тие се:

- Ученикот/ученичката да се оспособи слуховно и визуелно да препознава нови зборови;
- Ученикот/ученичката да може да репродуцира зборови и едноставни јазични искази;
- Ученикот/ученичката да може да води едноставна комуникација на ниво на усвоениот вокабулар и со примена на јазични функции блиски на нивната возраст;
- Ученикот/ученичката да покажува интерес за други култури. [20]

Во Алтернативни пристапи во педагогијата, во делот за Филозофската и педагошката концепција на Рудолф Штајнер, постои кратко објаснување за учењето на странски јазик во прво одделение. Имено, таму се истакнува дека една од најзначајните карактеристики на валфдорфските училишта е токму изучувањето на еден странски јазик во прво одделение. Во зависност од државата, некаде се работи за англискиот јазик, некаде за германскиот или за францускиот јазик.

[20] http://bro.gov.mk/docs/Iodd_nastavna_programa_MK-ALB_za_web.pdf

Меѓутоа, тоа и не е толку битно за учителите колку што е битно децата уште од прво одделение да почнат да учат нови зборови на странски јазик, да се запознаваат со граматиката на тој јазик и исто така, да ги усвојуваат содржините по пат на имитирање на она што го прави и зборува учителот. Кога се изучува странскиот јазик, тоа се прави преку одредени активности, како: песни, кратки стихови, бајки, дидактичко-ритмички игри за бои и предмети и сл. На тој начин, учениците се учат да слушаат, пеат, да ја бараат бојата или предметот во училницата и сл. Додека се извршуваат овие активности во текот на часот, учителите избегнуваат да го користат мајчиниот јазик. Тоа им помага на учениците, затоа што тие треба да насетат преку гестовите на учителот и извикување на она што е познато, што треба да направат. [21]

## 4.2.2 ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

Учениците во второ одделение, продолжуваат да го изучуваат англискиот јазик како прв странски јазик. Овојпат, учениците имаат два часа англиски јазик неделно, или тоа се 72 часа по англиски јазик во текот на учебната година. Имено, учениците во второ одделение ги надоградуваат своите знаења. Активности кои се реализираат за време на наставните часови се следните: активности од типот на вежби со слушање на аудиоснимки и репродуцирање на слушнатото, вежби од типот на посочување на делови од телото, активност од типот водење на дискусија со кажување на на нашите омилени нешта, претставување на себеси, пеење песнички, демонстрирање, вежби со работа во групи и мнпгу други. Целите пак, се многу слични со целите предвидени за прво и трето. Целите кои треба да се реализираат на училишно годишно ниво, се следниве:

- ученикот/ученичката да се оспособи слуховно и визуелно да препознава нови зборови;
- ученикот/ученичката да може да репродуцира зборови и едноставни јазични искази;

[21] Дамоска, Л., (2000) Алтернативни пристапи во педагогијата:Скопје

- ученикот/ученичката да може да води едноставна комуникација на ниво на усвоениот вокабулар и со примена на јазични функции блиски на возраста на учениците;
- ученикот/ученичката да стекне информации за другите култури. [22]

### 4.2.3 ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

Во трето одделение, за учениците се повторно (како и во второ) предвидени 72 часа по англиски јазик во текот на една учебна година или тоа се два часа по англиски јазик во една работа недела. Во трето одделение се прошируваат активностите кои третоодделенци можат да ги реализираат за време на анаставните часови. Имено, повеќе се посветува внимание на репродуцирање на слушнатото, подредување, цртање односно претставување преку цртежи, презентирање на одреден материјал користејќи реалија, давање описи за блиски личности, водење дијалози, користење на гестови, мимики и сл.

Се разбира дека, целите во трето одделение се разликуваат од целите во прво и второ. Во трето одделение, важно е:

- Ученикот/ученичката да се оспособи слуховно и визуелно да препознава нови зборови и да го разбере нивното значење;
- Ученикот/ученичката да може да репродуцира зборови и едноставни јазични искази;
- Ученикот/ученичката да може да ја препознава графијата на претходно усно усвоени зборови;
- Ученикот/ученичката да се оспособи да пишува познати зборови по спелување;
- Ученикот/ученичката да може да води едноставна комуникација со усвоениот вокабулар и со примена на јазични функции блиски на возраста на учениците ;
- Ученикот/ученичката да стекне информации за други култури.[23]

[22] http://bro.gov.mk/docs/II_odd_nastavna_programa_MK-ALB_za_web.pdf

## 5. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ ИГРА

Играта за деца од различна возраст е различна. Како се раликува играта која е наменета за осум годишни деца од таа која е наменета за две или пет годишни деца? Како прво на децата на осумгодишна возраст им се дозволени поголем број на табла игри. Односно, се смета дека децата под осум години, не се подготвени за таков вид на игри. А од друга страна, исто така осумгодишните деца сеуште располагаат со кукли, мечиња и разни видови на играчки.

Општата дефиниција за поимот игра, вели дека играта е физичка или ментална активност или натпревар која има правила и која луѓето ја играат за забава. [24] Односно, подразбира рекреативна активност кој вклучува еден или повеќе учесници (ученици). [25] Како што е познато, игрите најчесто се играат за забава и за уживање, но постојат и игри кои во себе содржат едукативни елементи за учениците. Значи, игрите кои носат во себе едукативни елементи, логично е да ги пренесуваат и знаењата. Играта се игра по правила кои се знаат. Вклучува и игровни материјали кои се исто така важни за реализацијата на играта.

Некогаш, играта се сфаќа како најсериозна работа што можат ученикот и наставникот да ја направат при самиот процес на учењето и развојот на децата. Меѓутоа, во играта, се обидуваат најразлични улоги кои ги земаат учениците, како: поттикнувач, истражувач, аналитичар, дете, возрасен. Низ овие улоги, учениците го учат она што не го знаат, за да на тој начин се движат накај насоката на нареден развој. Како што стои во прирачникот за современи и креативни методи и техники за учење, играта е само насетување на она што подоцна доаѓа. [26]

Многу академски истражувања покажуваат дека игрите се актуелни насекаде низ светот. Многу од нив ја поддржуваат употребата на игри во училиштата како начин за поттикнување на учењето и развивање на вештини како

---

[23] http://bro.gov.mk/docs/III_odd_nastavna_programa_MK-ALB_za_web.pdf
[24] http://www.merriam-webster.com/dictionary/game
[25] Хорватовиќ, В. (2012) Образовни рефлексии: Научно-стручно списание за теоријата во воспитанието и образованието, Скопје
[26] Блажева А. и Чонтева Ж., (2010), Прирачник со работилници за современи и креативни методи и техники за учење, Скопје:Маринг

што се стратешкото размислување, соработката, креативноста и критичкото размислување.

Познатиот автор Андру Милер дава свое гледиште за играњето во образованието. Тој вели дека играњето во образованието (Gameficiation) претставува усвојување на правила како елементи од игрите и потоа добивање на брзи одговори, добивање на награди за точните одговори. Додека пак, во врска со играта врз база на учење, Милер потенцира дека игрите се дизајнирани да балансираат помеѓу играта и предметот кој се изучува. Или, тоа би значело дека се вежба способноста на играчот да ги примени стекнатите знаења во реалниот свет. Овие игри имаат елементи на фантазија, вклучуваат активно учество и интеракција од стана на учениците, кои пак се во центарот на стекнување на искуство.

Многу познато е дека уште од моментот на самото раѓање, децата посегаат по играчки. Тие навистина сакаат да играат уште од мали, и нивната заинтересираност се заснова врз играњето игри. Исто така, сведоци сме на многу примери кога со наши очи гледаме дека децата при играњето на било какви игри, се доста посветени на играта и се гледа дека играта ја играат со уживање и радост.

Во светот постојат многу наставници кои сметаат дека играњето на игри во училницата за едукативни цели одзема многу време. Други пак, сметаат дека игрите се техники кои се употребуваат во наставата, но за забава. Сепак, игрите имаат посебна улога во изучувањето на англискиот јазик, посебно за помалите ученици, затоа што тие го помагаат процесот и го олеснуваат изучувањето на странскиот јазик.

Еден од најголемите предизвици кој им се става на подучувачите денеска е како да вклучат широка и различна група на ученици. Учениците доаѓаат да учат со различен степен на мотивација, посветеност, способност и стил на учење и пристап. Azriel et al (2005, p9)[27] вели дека "без разлика на економската, етничка или социјална позадина, луѓето го разбираат јазикот на игра. Игрите им нудат на учениците можност да истражуваат и поврзуваат информации на забавен и интерактивен начин, комуницирајќи со своите соученици. Пасивна средина за учење нема да ги стимулира затоа што тие биле научени на поголемо и побрзо

[27] Kirkland D., Games as an Engaging Teaching and Learning Technique: Learning or Playing?

темпо и интерактивност во животот воопшто, и затоа природно е да на нив им е потребна возбуда и интерактивност кои би го зацврстиле нивното учење." Biggs (2003, p. 79) вели: 'Being active while learning is better than being inactive' или "Да бидеш активен додека учиш е подобро отколку да не бидеш воопшто активен. "

## 5.1 ИГРА И СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Децата кога ќе почнат да одат на училишта ја играат улогата на ученици. Тоа значи дека штом почнуваат со одење на училиште, тие помалку време поминуваат со своите родители, а повеќе време поминуваат на училиште. На училиште, се разбира, децата се дружат со свои врсници. Но, децата освен во училиштето, се дружат со своите врсници и во нивното слободно време. Со тоа, во овој процес се создаваат групи на врсници, кои се развиваат на четири начини: прво, со самото одење на училиште се подразбира дека учениците се вклучуваат во секојдневни меѓусебни интеракции и комуникација; второ, кај нив се создава чувство дека тие припаѓаат на таа група на деца (ученици); трето, кај нив се создава кодекс на однесување кое се препознава по облеката, однесувањето и сл.; и четврто, тие учествуваат во хиерархиската структура на групата, огледувајќи се темпераментите и вештините кои ги поседуваат децата.

## 5.1.2 ИГРИТЕ И СОЦИОЕКОНОМСКИОТ СТАТУС

Начинот на кој групите на врсниците се создаваат многу зависи и од социоекономскиот статус бидејќи тој многу влијае врз тоа каде учениците живеат и во кое улилиште учат. Многу родители не ја потикнуваат играта за време на детскиот развој, плашејќи се од тоа дека децата ќе ги оставаат сами, без нивно надгледување. Други пак, поради големите тенденции кои сакаат нивните деца да ги постигнат на училиште и на други полиња, им задаваат премногу активности на децата и тие немаат време да се релаксираат и да играат. Со тоа, играта им е

скратена. Додека пак, децата кои имаат слободно време се всушност деца од родители кои не можат да си дозволат да плаќаат за дополнителните активности на децата. Поради тоа, количината на слободно време кое го имаат децата е резултат на разликите во социјалнита класа, а пак слободната и неконтролирана игра води до некои проблеми. Од друга страна, постојат аргументи кои го тврдат токму спротивното: дека проблемите не настанувaa поради неконтролираната игра.

### 5.1.3 ИГРА СПОРЕД ПРАВИЛА

Во текот на основното училиште, учениците се здобиваат со когнитивна и социјална зрелост. Тоа пак, создава можност за креирање на нов вид на игра која се заснова врз одредени правила. При овој вид на игра каде учениците имаат воочлива контрола, учениците се тие кои одлучуваат што е прифатливо а што не, што е фер, а што не без разлика на тоа дали тие следат некои добро стандардизирани правила или пак нивните.

Пијаже во својата студија за моралниот развој кај децата и неговата анализа на играта со џамлии, објаснува дека постојат четири фази кои можат да се идентификуваат и во практикувањето и примената на правилата.

За време на првата фаза децата држат џамлии според нивните желби и капацитети. Тоа всушност фи опфаќа првите две години од започнувањето на животот на децата. Додека пак, во првиот дел на втората фаза, (помеѓу две и пет години) децата почнуваат да добиваат одредени кодирани правила од надворешниот свет, но тие сеуште играат на егоцентричен начин, односно, тие играат според правила кои тие ги измислуваат без воопшто да забележат дека тоа го прават. При крајот на втората и почетокот на третата фаза, всушност може да се направи разлика помеѓу начинот на однесување кога децата играат игра. Додека четири или петгодишно дете покажува наивна флексибилност кон правилата на игра, шестгодишно или седумгодишно дете се карактеризира со радикална промена со која тој/таа гледа на правилата. Правилата сега претставуваат модел за соработка и натпревар. Понатаму, кога децата се на возраст од десет или единаесет години

(крај на трета и почеток на четврта фаза), децата дури и сами можат да ги променат правилата на игра, доколку сите се согласуваат.

Во доцното детство, кај децата се појавува еден доста специфичен интерес за правилата на игра. Овој интерес ги води и ги поттикнува децата да станат пофлексибилни, но на посозреан и унифициран начин. Оваа карактеристика се подразбира дека не постоела кога децата биле на предучилишна возраст. Помеѓу постарите деца, постои можност за менување и модифицирање на правилата, но доколку тоа менување или модифицирање е прифатено од страна на сите. Во тој процес, правилата на било која игра веќе стануваат доста сложени и прецизни и се повеќе се овозможува да се изнајдат различни верзии за развој. Прашањето кое најчесто се поставува е следно: „На кој начин да се игра?"

Како и да е, кога децата не се познаваат доволно меѓу себе, тие почесто избираат игри со многу едноставни правила, како игри со бркање. Ова нуди безбедна околина, децата се чуствуваат побезбедно, без да се појави некое несогласување. Меѓутоа не е ваков случајот и на крајот од доцното детство. Тогаш, паралелно со зголемувањето на познатството меѓу децата се зголемува и комплексноста на игрите. Децата кои добро се познаваат не сакаат повеќе да играат едноставни игри, затоа што им се здодевни, туку сакаат да играат посложени. Кога децата добро се познаваат меѓусебно, тие полесно можат да се справат со несогласувањата, кои се разбира ги има во поголем број кога се играат сложени игри.

Во доцното детство може да се појави ситуација во која правилата на сложените игри се различни од тие на кои децата навикнале. Бидејќи игрите кои имаат сложени правила бараат повеќе вежбање, децата на кои им се непознати правилата, сакаат да играат поедноставни игри, каде потенцијалот за кршење на правилата во играта е многу мал.

### 5.1.4 ФАНТАЗИИ

Во доцното детство кај децата се раѓа ново чувство за ново знаење и учење, имагинацијата и фантазијата се засилува заедно со знаењето и прифаќањето на светот.

Почнувајќи од околу шестата или седмата година, кај децата се развива нов интерес за запознавање на светот кој ги опкружува. Можеби токму поради оваа причина, децата и тогаш почнуваат да посетуваат основно училиште. Исто така, претходно беше споменато дека околу оваа возраст е всушност времето кога децата почнуваат да развиваат нови разбирања за правилата. Тогаш, постои нешто кое зема место во детскиот развој. Различни теористи даваат различни имиња за тоа „нешто". Пијаже (1952) ја нарекува конкретна оперативна фаза, додека пак Ериксон (1963) фаза на работливост.

Како и да ја нарекуваат оваа фаза, важно е да се истакне дека она што го мислат теоретичарите е дека децата во периодот на доцно детство се желни за да разберат и научат за светот кој ги опкружува и како е истиот организиран. Кога во почетокот, единствен свет за децата биле домот, соседството и домот на бабата и дедото, настапува период во животот на децата кога дознаваат дека се разботи за навистина огромен свет кој е организиран во градови, држави, океани, континенти. Овој задолжителен поттик или движење за организирање на светот се појавува и во детската игра. Тие поминуваат часови собирајќи поштенски марки, кукли, картички за безбол и војници-играчки.

Како и да е, колекциите кои ги собираат децата во овој период не се само за да ги задоволат сопствените желби и интереси за организирање. Напротив, колекциите водат до разиграна интеракција со своите врсници преку разменување на она што секој го собира. Така на пример, постои ситуацијата кога три другарки на десетгодишна возраст собираат поштенски марки. Овие три другарки се договорени дека можат меѓусебно да се разменуваат со поштенските марки кои тие ги имаат. Меѓутоа, постојат и некои други правила. Тие не можат да се разменуваат со веќе оштетени поштенски марки и доколку некој од нив се предомисли, тоа може единствено да го направи во текот на 24 часа.

Со овој пример, може да се забележи дека собирањето на колекции води до пријатна и разиграна интеракција со другарите. Целта на секое дете е да ја зголеми својата колекција, а исто така, потребно е и голем степен на преговарање. Така, се отвараат можности за учење на тоа што е фер а што не. Но, станува збор и за развивање и следење на покомплексни правила а истовремено и до одржување на другарството доведување на истото еден чекор понапред.

### 5.1.5 ФАНТАЗИЈАТА И ИМАГИНАЦИЈАТА ПРИ ИГРАТА ВО ДОЦНОТО ДЕТСТВО

Многу набљудувачи и теоретичари го поврзуваат мечтаењето или фантазирањето со претшколската возраст, воглавно затоа што во тој период оваа тенденција или склоност испливува на површина. Многумина претпоставуваат дека мечтаењето завршува или исчезнува после петтата година, со тоа што децата почнуваат да земаат поголем замав во реалниот свет и веќе не постои причина за преправање. Пијаже вели:„што повеќе едно дете се прилагодува на природниот и социјален свет, што помалку се предава на изобличување или извртување, затоа што наместо да го навикнува надворешниот свет кон своето его, тоа го потчинува егото на реалноста.

Во доцното детство мечтаењето се повеќе настојува да се намали во своите очигледни форми. Од една страна, ецата многу ретко се преправаат на училиште и од друга страна се бараат други потреби и побарување како фактот да се биде посериозен и да се обрнува внимание. Децата сеуште во училиште играат игри, и тоа повеќе за време на одморите кога децата играат игри со поедноставни правила. Додека пак, надвор од училиштето, дома или со своите доверливи другарчиња, децата учествуваат во игри со мечтаење.

Во овој период, децата кои земаат учество имагинативните игри, игри на под, игри со табла, видеоигри, рааскажување на приказни или драми, вообичаено чувствуваат огромно задоволство при исполнувањето на овие активности. Ова е навистина значаен бенефит или придобивка, но се разбира дека не е единствена. Во игрите на фантазирање кога децата се на возраст од шест до единаесет години

продолжуваат да развиваат поголем број на созреани начини да ги покажат и контролираат своите емоции. Оваа вежба доколку се охрабрува и поттикнува може да донесе и други придобивки како: поголема отвореност и досетливост, повеќе креативност, и поголемо разбирање на врските меѓу сопствените мисли и мислите на другите, поголемо разбирање на однесувањето, на емоциите. Како дополнување, децата кои се вклучуваат во имагинативни игри на училиште изгледаат помалку импулсивни, помалку агресивни и поспособни да ја разликуваат фантазијата од реалноста. Играњето на имагинативни игри им помага на децата да ја развијат нивната способност да размислуваат на субјетивен начин, со што тие ќе можат да споредуваат веројатности. Во процесот на споредување или компарирање, тие развиваат свесност за разликување на фантазијата од реалноста.

## 5.1.6 ВЛАДЕЕЊЕ НА ИГРАТА

Додека децата одат во основно училиште, покрај желбата да научат тие исто така развиваат нов копнеж да постигнат поголеми академски резултати, социјални, вклучувајќи го и усовршувањето на играта.

Децата сакаат да бидат одлични на училиште, во спортот, по ликовно, на драма, во свирењето музика, и во многу други области особено ако нивните врсници ги ценат тие активности. Играте не е исклучок. Децата не сакаат да заостануваат. Децата не чувствуваат осет за време кога креираат или организираат светови кои ја хранат нивната имагинација и поради тоа тие не се загрижени за *поминувањето на часови за да се оствари тоа. На пример, кога децата сакаат да* направат декоративна сцена за претстава со кукли. Помалите деца, не се загрижени за тоа колку време и енергија трошат за да се подготват, тие само сакаат да играат. Додека пак, за постарите деца поставувањето на сцената е веќе имагинативна игра во која се создава атмосфера за вежбање на уметничките вештини.

## 6. УЧИЛИШТЕТО И ИГРАТА

Кога се споменуваат училиштето и играта во една реченица, тоа е како да се споредат двајца спротивници кои се наоѓаат во двете ќошиња на боксерски меч. Во едниот агол, се наоѓа училиштето со својата најголема мисија, да овозможи постигнување на знаења. Од друга страна или од другиот агол, се наоѓа играта, со својата единствена цел, децата да се забавуваат и уживаат. Се работи за сосем различни нешта кое се согледува во моментот кога настапува недостојно однесување од страна на учениците во училницата. Како и да е, не се секогаш училиштето и играта противници кои се борат меѓу себе. Напротив, постојат многу воспитувачи и педагози сметаат дека играта е патека која води до учење.

Пред деветнаесетиот век образованието во Европа и Америка било многу апсолутистичко и одделено од активностите на децата. Многу деца во тоа време немале можност да посетуваат часови и да одат на училиште. Нивната едукација и образование била скратена. Но, некои од децата можеле, односно имале можност да посетуваат училиште. Меѓутоа, нивната улога во училиштето била да го следат курикулумот, или да ја следат програмата која била применета во училиштето, со цели и методи кои немале никаква допирна точка со светот на децата. Наместо да можат да се движат слободно, учениците си седеле постојано во клупите и станувале тогаш кога требало нешто да кажат, чие одобрение го добивале од наставникот. Наместо да ги поттикнуваат и следат своите интереси, учениците ги следеле интересите на наставниците. Наместо да бидат инвентивни и љубопитни, учениците учеле да даваат точни одговори и да стекнуваат правилни навики.

Меѓутоа, претходно наведеното всушност претставува значаен контекст врз кој подоцна се развиваат нови образовни движења. Овие нови движења се сосема спротивни на авторитарниот, апсолустички и механички систем кој функционирал тогаш.

Новите движења се насочени и фокусирани на четири концепти: интереси, активности, структура и менторство. Што се однесува до концептот интереси, познато е прогресивното движење од познатиот Џон Дјуи кој се залагал за тоа дека наставниците наоѓаат начини на кои тие ќе можат да изработат план и програма

кои ќе соодветцтуваат со интересите на децата. Така на пример, да претпоставиме дека некои од учениците се заинтересирани за безбол. Може, при изработување на проект по предметот математика, на учениците да им се даде задача да ги развиваат своите статистики, мерки, споредувајќи неколку безбол играчи.

Што се однесува пак до активноста, новите движења доведуваат и до појава на конструктивистичка философија на знаењето, кое во својата суштина вели дека секој од нас мора да е љубопитен, односно да прашува, да решава проблеми и да делува, дејствува како да разбира и знае. Конструктивистичките образовни философии на Дјуи, Пијаже и Виготски велат дека наставниците наоѓаат начини да им помогнат на учениците активно прашуваат и да се изразуваат без разлика дали тоа се случува во традиционална академска, училишна околина или пак во социјална средина, како изнаоѓање на различни алтернативи за расправија. На пример, кога на училиште деца се расправаат за играчки кои не се доволни за сите, тие треба да изнајдат решение и да ја запрат расправијата, или пак, решението да го понуди самата наставничка.

Кога се зборува во однос на структурата, новите движења нудат дефиниција за тоа што значи да се обезбеди структура за најповолно учење. Во старото, авторитарно значение, наставниците ги организирале децата низ и со нивните упатства, лекции, и задачи кои бараат учење наизуст. Контролата на наставниците била премногу очигледна. Додека пак, новите движења им дозволуваат на наставниците да ги организираат учениците на многу вешт начин.

Што се однесува до менторството, новите движења застапуваат ново гледиште на врската на наставникот со децата. Наместо да биде авторитетен инструктор, менторот е грижлив водич, некој кој работи за да олесни и стимулира. На пример, во напредни класови во раното детство, наставниците клекнуваат за да поттикнат дијалози со индивидуални ученици на начин кој ќе стимулира размислување. Менторот во овој случај може да понуди неколку цели, но сепак резултатот на онаа врска меѓу наставникот и ученикот е соработка, а не авторитет.

Со ова може да се согледа разликата меѓу пристапот на новите движења споредбено со пристапот кој доминирал во школството пред и во текот на деветнаесетиот век. Исто така, знаејќи го ова новиот пристап на новите движења

отвараат можност за поврзување на учењето со играта, особено за младите деца. Кога се проценуваат ученичките интереси, се проценува и нивната игра. Да се организира индиректно и да се биде ментор значи да им се даде на децата доволно контрола за да можат да играат слободно.

## 6.1 ИГРАТА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Кога децата почуваат да учат во основно училиште, се помалку играта е вклучена во процесот на учење. Многумина сметаат дека играта во училиштата е само одвлекување на вниманието на учениците и дека е оддалечување од формалното образование. Но, тоа не мора да биде така. Може да биде пат до постигнување на учење. Постојат три начини на кои преку играта се промовира учењето во основните училишта: низ игри, низ технологија, и низ пауза. (отстапување)

### Игри

Академското учење кај децата не е лесно. Потребно е навистина многу труд и работа за да се постигне. Игрите ја исполнуваат училишната програма и понекогаш се забавни за учениците . Често игрите се организирани и оценети од страна на наставникот со цели кои треба да се постигнат за време на наставниот час. На пример, се работи за игри за вежбање на фондот на зборови, игри преку кои учениците пишуваат приказни во согласност со слика која е донесена од страна на наставникот, слушање на приказни и погодување на крајот на истите. Овие видови на игри не се насочени кон самите ученици, туку тие користат за постигање на цели кои се зад намерита на учесниците во играта. Така на пример, кога се игра популарната игра „Бесилка”, целта е учениците да знаат точно да ги изговараат буквите од англиската азбука, додека пак за учениците, тоа претставува само еден вид на игра. Со тоа се покажува дека зад оваа наизглед, едноставна игра, се крие една поширока и поголема цел која ќе им користи на децата. (се претпоставува дека

учениците ќе престанат да грешаваат и да го научат изговорот на англиските букви) Или пап, во друга популарна игра насловена „Пет и еден" на учениците им се даваат карти со бројки. Учениците треба користејќи ги четирите математички операции да ги искористат броевите за да го добијат бројот што стои на шестата карта. Оваа игра се користи во изучувањето на англискиот јазик кога се вежбаат бројките на англиски јазик. За да се избегне механичкото учење на броевите, како: „Кој е овој број?", наставниците може да ја модифицираат играта за да претставува поголем предизвик за учениците. Тоа значи дека, учениците ќе треба да говорат на англиски, велејќи: one plus one plus one plus one plus two equals six! (еден плус еден плус еден плус еден плус два е еднакво на шест!) Често, овие игри се всушност она што најмногу учениците го паметат од своето училипно искуство. Како што минуваат годините, ние сеуште може да се сетиме на игрите кои нашите наставници ни дозволиле да ги играме, игрите кои навидум биле применети „само за забава" оставиле подлабок белег на нас.

Многу педагози денес сметаат дека ирите како Spelling Bees кои вклучуваат и пријателски натпревар помеѓу учениците можат да донесат негативни искуства на учениците. Тие стравуваат дека учениците не ќе можат да го поднесат стресот после загубата во играта или пак притисокот што го чувствуваат во игри во кои се прогласува победник. Но, во тие моменти треба да се земе предвид и дали наставниците ги пренесуваат своите стравови врз учениците. Можеби за учениците ќе претставува позитивно искуство фактот дека некогаш губат а некогаш губат.

Постојат истражувања дека игрите во некои сегменти можат да бидат успешни или неуспешни. Едно истражување вели дека децата кои играле игра каде се барало употреба на многу вештини, истите се подобриле кога се соопштиле резултатите. Други истражувања откриваат дека игрите не се успешни во учењето на децата на академско знаење. Исто така, едно истражување покажува дека користењето на игри или пак игровни материјали го спречува учењето кај децата. (Baker, Hermsn & Yeh, 1981) Меѓутоа, можеби овие резултати се соопштени врз основа на тоа не треба да се сметаат различни игра за игри. Напротив, треба да се создаваат и развиваат квалитетни игри.

Игрите можат да понудат многу на младите ученици. Тие обезбедуваат забавен, интерактивен начин на водење на часот сѐ со цел да се мотивираат учениците или да се живне атмосферата во училницата. Но, не треба да се заборави дека игрите ќе бидат забавни за учениците само доколку учениците уживаат во нив.

Токму поради тоа, воведувањето на игрите во програмата претставува голем предизвик за наставниците. Балансот кој треба да се одржува помеѓу игрите и академското учење, треба да ги потсети наставниците да бидат внимателни со планирањето. Со други зборови, може да се каже дека треба голем напор и работа за да игрите се функционални, да бидат забавни за децата и да им го олеснат учењето, совладувањето на знаењата.

**Технологија**

Во осумдесеттите години на минатиот век, почна да се продава средство добро познато како персонален компјутер, средство кое работеше на принципот дека компјутерот може да постои на масичка. Денеска, повеќето од училниците во различни општества низ светот се опремени со компјутери. Училиштата во Америка имаат еден компјутер на секои пет ученици. Јасно е дека компјутерската револуција влијае и на образованието. Но, се поставува следното прашање: Како таа компјутерска револуција влијае врз образованието? Како се употребуваат компјутерите во училницата? Кој е софтверот кој се користи? И, се разбира: Како компјутерите во училиштата се поврзуваат со темата поврзана со игрите?

Во 1970-тите Seymour Papert (1980), ученик и студент на Пијаже, развил програмски јазик кој го нарекол ЛОГО, за да им овозможи на децата да си креираат свои „микросветови". Овој програмски јазик создал можности за децата да ја искусуваат својата работа на компјутер како играта. Имено, учениците станале тутори, додека пак компјутерите нивни „ученици". И исто како и со многу други игровни искуства, програмирањето со ЛОГО било навистина забавно и им дозволило на учениците да ги поттикнуваат своите интереси. Како и да е, за

училиштето и школствувањето, најважниот аспек на ЛОГО бил дека играјќи со ЛОГО, учениците научиле.

Овој пристап на користењето на компјутерот води корени од констуктивичкиот пристап во образованието. Но, Papert преферира да го нарекува овој пристап конструктивизам за да ја долови идејата дека децата ја градат својата средина за учење од коренот нагоре. Преку програмирањето со компјутерот, детето е активно вклучено во решавањето на проблемите, а со тоа и до совладувањето на учењето.

Наспроти овој пристап, постои и друг кој се нарекува инструктивен пристап каде наместо учениците, компјутерите се тутори на учениците. Споменувајќи ги овие два пристапа, не е чудно што и едниот и другиот претрпуваат критики. Многумина тврдат дека програмите како ЛОГО не ги задоволуваат потребите на наставниците и дека тие не ги подготвуваат учениците за државни или национални тестови. Од друга страна, инстуктивистичките програми се отворени за критика. Овие програми го следат принципот „one size fits all" што знаеме дека кога станува за учење, односно кога се работи за група од деца кои треба да научат, невозможно е да се примени.

## 6.2 ОДМОР МЕЃУ ЧАСОВИ

Најочигледните игри во основното училиште се случуваат за време на одморот меѓу часови. Но, како тоа ја поврзува играта со учењето? Истражувањата предлагаат дека тоа може да се случи на два можни начини. Како прво, одморот меѓу часови обезбедува можност за прекин или починка кој е многу потребен за да учениците се одморат од тензијата која се создава со седење во училница и да се одморат од академските задачи. Како второ, продуктивната игра во школското игралиште предвидува академски успех во училницата, сугерирајќи ја најмалку можноста дека одморот меѓу часови има позитивно влијание врз учењето (Pellegrini,1995; Pellegrini & Davis, 1993; Pellegriny & Smith, 1993).

Понатаму, се поставува прашањето како учениците играат за време на одморот. Одморот е единствениот период или единственото време кога учениците можат да се вклучат во спонтана игра, без да бидат прекинати од возрасните. Децата го користат тоа време за да ги зацврстат врските со своите врсници кои се поголем дел засновани од заемен интерес во заедничките игровни активности. Потипично за девојчињата е да пеат песнички или пак да скокаат со јаже, додека пак за момчињата потипично е да спортуваат (да играат фудбал). Како и да, две работи ги соединуваат машките и женските во играта за време на одморот. Прво, играта не се игра според сложени правила и второ, групата ја води и регулира играта, не возрасните.

Во последните години, некои педагози и родители го поддржуваат намалувањето на фреквентноста и времето предвидено за одморот меѓу часови, со цел учениците да посветуваат повеќе време за учење. Тие обично користат три аргументи. Прво, одморот меѓу часови го намалува времето предвидено за инструкции во еден збиен училишен ден. Второ, одморот ги отежнува или нарушува шаблонот за работа кај учениците. Една наставничка вели: „Им го пренасочува вниманието. Тие се фокусирани и потоа одморот меѓу часови ги прави да бидат прохиперактивни. Многу е тешко да се вратат во минатата положба." Трето, одморот потткнува агресија и асоцијално однесување.

Како и да е, истражувањата во врска со одморот меѓу часови покажуваат дека тој им помага на учениците да им се намали тензијата. Освен тоа, играта која се игра за време на одморот е генерално позитивна, не е ниту агресивна ниту асоцијална. Изгледа дека кога децата подолго време седат собираат вишок енергија; така, физичката активност за време на одморот им е навистина потребна на децата. Тоа значи дека тие таа енергија за време на одморот ќе ја потрошат и потоа ќе бидат поконцентирани за следните активност и задачи во училницата.

# 7. ИГРА БАЗИРАНА НА УЧЕЊЕ

Во денешно време, во училницата се воведуваат различни видови на техники и методи на учење. Деновите кога училницата беше единствен извор на знаење и каде учениците мораа да ги следат часовите по секој предмет, одамна изминаа. Исто така, на учениците, на крајот од полугодијата им се делеа тестови, кои требаше да го измерат нивното знаење. Меѓутоа, времето само покажа дека периодични тестови и контролни не успеваат да го покажат и докажат опфатот на знаење кое го стекнале учениците по одреден предмет. Таквото образование во последниот период е заменето со високи технолошки алатки и виртуални светови, сѐ со цел да ги едуцира учениците на интерактивна платформа.

Игрите се токму тие кои имаат оставено најголем придонес во интерактивното искуство кај еден ученик. Игрите, се покажа дека се поинтересни и интерактивни за учениците. За време на играњето игра, ученикот е зафатен од почетокот до самиот крај на играта, што е сосем спротивно од стандардните предавања во училницата. Во ерата на електронско учење, предизвиците на вообичаеното учење во училницата се заменети со игри со брза агилност.

Игрите наменети за учење се користат сѐ со цел да се релаксираат учениците и ефективно да ги научат на комплексни концепти преку вежбање. Истражувањата покажуваат дека учениците повеќе се мотивирани и вклучени во игра, отколку во други активности во училницата. Играта базирана на учење е нов, необичен и интерактивен метод на учење и предавање.

> Методот на игра е пристап кој овозможува да се дојде до дефинирани и видливи резултати во учењето. Со методот на игра, учениците може да истражуваат релевантни аспекти на игрите во средина за учење креирана од страна на наставниците. Во овој случај, учениците и наставниците мора да соработуваат за да се создаде вистинско стекнување на искуството при играњето на игрите. Во една ефективна околина за играње, учениците работаат за реализирање на некоја цел, избирајќи активности и искусувајќи ги последиците од преземените активности. Учениците преземаат ризик во такви средини, и токму заради тоа,

учениците искусувајќи учат кој е вистинскиот и правилниот начин на правење на нештата. [28]

Според дефиницијата[29], играта базирана на учење е гранка на сериозни игри која се занимава со апликации кои имаат дефинирани резултати во учењето. Тие се дизајнирани за да одржуваат рамнотежа помеѓу материјалот кој се изучува со играњето на играта и способноста на играчот прво да го задржи, па потоа да го примени знаењето во реалниот свет.

Понатаму, Spitz (2011)[30] одговора на прашањето што значи игра базирана на учење. Тој вели дека играта базирана на учење е сѐ за разбирањето и креирањето на вредности за своите играчи со тоа што ќе им се овозможи незаборавно патување во средината за играње. На пример, игрите со смена на улоги ги оспособува учениците да искусат и визуелно да го разберат светот од очите на другиот. Играта базирана на учење како метод им е привлечен на наставниците затоа што им нуди на учениците безбедна околина за учење од нивните неуспеси. [31]

Концептот на игра базирана на учење ја инспирира примената на играта на нешта кои обично не се сметаат за игри. Во суштина, им помага на учителите и наставниците да ги убедат и мотивираат учениците да ги репродуцираат и разберат сложените предмети со леснотија и за пократко време. Исто така, играта базирана на учење како вид на метод се покажал како многу моќен во привлекувањето на вниманието кај учениците за подолг временски интервал. Играта базирана на учење како метод не е само начин на претворање на некои нешта од реалниот свет во игра, туку користење на карактеристиките на механиката на играта и примената на истата во реалниот свет.

Овој метод во училиштата креира свет во кој учениците се чувствуваат слободни да анализираат, планираат и искусат нешта без значајна тешкотија. Од друга страна, ги подготвува наставниците да креираат час кој ќе биде прикажан во акција и ќе има поголем едукативен карактер од нормално предавање на час. На

[28] http://edtechreview.in/dictionary/298-what-is-game-based-learning
[29] Wikipedia, Educational Game, Game Based Learning
[30] http://www.raptivity.com/white-papers/Game-based-learning-Whitepaper.pdf
[31] Games Based Learning: Redefining Engagement in eLearning (2005-2012)

пример, Teed (2004) истакнува дека постојат неколку елементи кои ја карактеризираат активноста како игра. Тоа се:

- Натпревар: елементот на бележење на резултатот и/или условите за победа ги мотивираат учениците (играчите) и ги испитуваат нивните достигнувања.
- Ангажирање: децата при играњето стануваат толку задлабочени во играта, што не сакаат да допрат сè додека играта не заврши. Истражувачите го нарекуваат овој термин под името "природна мотивација" и му припишуваат четири атрибути: предизвик, љубопитност, контрола и фантазија.
- Непосредни награди: децата се радуваат кога знаат дека ги очекува победа или поени. Понекогаш, дури и наједноставна и аналитичка повратна информација од страна на воспитувачите и наставниците ги мотивира учениците да ја играат играта уште еднаш.

Играта базирана на учење ја подигна границата кога се работи за асистирање на развојот на учениците користејќи интерактивни средства. Во реалноста, комбинацијата од подучувачки дизајн и мултимедија го стимулира создавањето на средини за играње со лесно вклучување и ангажирање на учениците. Учениците можат да ја играат играта сè додека не ја усовршат, но и да ја играат за да ја повторат лекцијата учена низ игра. Задржувањето на информациите од предадената лекција се одвива без посебна тешкотија.

## 8. КОРИСТЕЊЕ НА ИГРИ ПРИ ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Поради промените настанати во образованието и воведувањето на комуникативниот пристап, учењето и предавањето на англискиот јазик е сè покомплицирано и понапорно, како за наставниците, така и за учениците. Тоа е токму поради фактот дека секоја иновација, со себе носи и свој предизвик. Игрите

при изучување на англискиот јазик не се важни само поради тоа што овозможуваат пријатна и релаксирана средина за учење, туку, тие се важни и поради тоа што ги охрабруваат учениците да го користат јазикот на креативен и комуникативен начин.[32]

Според Using Games in the English Second or Foreign Language Classroom[33], игрите имаат едукативна вредност. Тоа значи дека учениците можат да учат јазик и да го користат без притоа да мислат само на тоа како да ги запаметат граматичките точни правила и форми. Игрите ги охрабруваат и ги поттикнуваат учениците да комуницираат меѓусебно, да соработуваат, да бидат креативни и спонтани при користистењето на јазикот на начин кој има смисла. Учениците, сами по себе, сакаат да учествуваат во активности, тие сакаат да играат игри затоа што имаат пријателско-натпреварувачки карактер. Поради тоа, за да играат игра, учениците мораат да се разбираат и да комуницираат на јазикот кој се изучува. Игрите, исто така, ги држат учениците заинтересирани за работата, со што наставниците може да го искористат тоа за да создадат контекст во кој јазикот е корисен.

Игрите се користат како методи или техники кои ги вклучуваат учениците во учењето. Игрите кои се добро организирани и добро избрани им даваат на учениците еден вид на пауза и во исто време им даваат можност на учениците да ги користат јазичните вештини. Придобивките од играњето на игри поаѓаат од когнитивниот аспект на учењето па сѐ до динамика на соработка меѓу групите. Исто така, како резултат, игрите се покажуваат како доста мотивирачки и интересни за учениците, но исто така и полни со предизвик. Ersoz(2000)[34] истакнува дека игрите може да дадат доволно практика на јазичните вештини, како и можност преку нив да се вежбаат различни видови на комуникација.

Во клас каде што учениците се почетници, потешко е да се задржи нивното внимание за долго посебно кога треба да учат странски јазик и кога треба да експериментираат на јазик кој не е нивен мајчин. Тешко им е на учениците да ги запоменат граматичките структури, новите зборови и изрази што треба да ги

[32] Arikan A. and Yolageldili G. (2011) Effectiveness of Using Games in Teaching Grammar to Young Learners
[33] http://www.witslanguageschool.com/NewsRoom/ArticleView/tabid/180/ArticleId/85/Teaching-Tips-Using-Games-in-the-English-Second-or-Foreign-Language-classroom.aspx
[34] Ersoz A. (2000), Six games for EFL/ESL Classroom, The Internet TESL Journal Vol.6

усвојат. Така што, покорисно е да се воведат односно инкорпорираат игрите и забавните активности во процесот на учење. Ова не им помага на нив само да го изучуваат јазикот порелаксирано, туку и ги поттикнува на учење на нови зборови. Можеби најконкретната придобивка од играњето на игри во процесот на учење е воспоставувањето на добра врска со новиот јазик. Битно е да учениците не го мразат странскиот јазик кој го изучуваат. Еднаш кога учениците ќе чувствуваат дека го учат странскиот јазик среќно и лесно користејќи го, подоцна е полесно да се изгради таа врска и да се направи понатамошен прогрес, без да треба да се надмине аверзијата.

За малите ученици присуството на игри за време на изучувањето на странскиот јазик е неопходен дел. Исто така, елементот на пријателски натпревар е нешто што ги забавува учениците и ја држи нивната мотивација. Nolasco и Arthur (1991,p.76)[35] велат дека во комбинација со личниот предизвик, помалите ученици уживаат во натпреварувањето со своите врсници, и затоа користењето на забавни активности и игри е начин на заживување на било кој материјал. (превод од автор) За да се оствари целта на усвојување на јазикот, учениците не треба само да го повторуваат посакуваниот дел од целта на јазикот; тие треба да го чувствуваат повторувањето како многу забавно во секое време. Токму поради тоа игрите се алатки кои се користат на дневна основа. Земајќи го предвид краткото внимание кое учениците го имаат и задржуваат, игрите генерално се кратки и едноставни. Од друга страна пак, кај малите ученици играта може да се изигра и повеќе од еднаш, во зависност од намерата и планот на часот. Ова е затоа што малите деца сакаат да ги повторуваат нештата, тие сакаат да знаат што ги очекува. И тоа ќе ги оспособи учениците да ја играат играта со поголема самодоверба, што ќе им причини поголемо уживање во истата. [36]

Huyen (2003)[37] пак зборува дека користењето на игрите во училницата за изучување на нов вокабулар, донесува одредени предности: а) игрите додаваат релаксација и забава, па затоа новите зборови се задржуваат полесно; б) игрите

[35] Nolasco R. and Arthur L. (1991) Conversation, Oxford University Press 1991
[36] Use of Games in English Language Teaching
[37] http://asian-efl-journal.com/quarterly-journal/2003/12/31/learning-vocabulary-through-games-the-effectiveness-of-learning-vocabulary-through-games/#thethe-tabs-1-4

вклучуваат и натпревар, па тоа е она што ги држи учениците мотивирани и заинтересирани за она што го учат; в) игрите за учење на нови зборови го носат контекстот на реалниот свет во училницата.

Mei(2000)[38] потенцира дека играњето на игри го поттикнува активното учење, соработката и интерактивноста при изучувањето на странскиот јазик. Техниките на интерактивното учење исто така, го задржуваат помнењето, ја подобруваат изведбата и ги подобруваат социјалните придобивки. Според I-Jung (2005)[39], придобивките од користењето на игри при изучување на втор јазик вклучуваат игри кои се насочени кон ученикот, вклучуваат охрабрување за креативно и спонтано користење на јазикот како и тоа што вклучуваат забрзување на однесувањето на учениците за учество во игрите.

Kim (1995)[40] ги истакнува неколкуте генерални придобивки од користењето на игри при изучувањето на странски, како втор јазик:

- Игрите се краток прекин на вообичаените рутини за време на предмет по странски јазик;
- Тие се предизвикувачки и мотивирачки;
- Поради тоа што изучувањето на јазик бара голем напор, игрите им помагаат на учениците да го издржат тој напор;
- Игрите овозможуваат вежбање на повеќе аспкти на јазикот: слушање, зборување, пишување и читање;
- Тие ги поттикнуваат учениците да зборуваат и комуницираат меѓусебно;
- Тие создаваат значаен контекст за употреба на јазикот.

Учениците учат преку експериментирање, откривање и комуницирање во околината. На ним им требаат константни промени за да им се зголеми нивото на

[38] http://english.daejin.ac.kr/~rtyson/fall2000/elt/games.html
[39] http://iteslj.org/Techniques/Chen-Games.html
[40] http://dosfan.lib.uic.edu/usia/E-USIA/forum/vols/vol33/no1/P35.htm

мотивација. Со користењето на игри учениците веќе имаат контекст во кој користењето на јазикот кој се изучува е веднаш корисен. [41]

Според The Effect of Using Educational Games on the Students' Achievement in English Language for the Primary Stage корисна стратегија за изучување на странски јазик е играњето на игри. Кога се користат игри за време на часот по странски јазик, наставниците треба да имаат предвид да ја знаат дефиницијата, за тоа, што игрите всушност претставуваат. Понатаму, тие треба да ги знаат предностите од користењето на игри во училницата (задржување на вниманието на учениците, намалување на стресот кај учениците, можност за вистинска комуникација помеѓу учениците). Како што е и познато, наставниците треба да бидат исто така свесни дека не може игрите да се употребуваат многу често за време на часот. Тие треба внимателно да ги вметнат во програмата. Но, мора да се напомене дека игрите треба да им претставуваат предизвик на наставниците, со што тие ќе го развијат владеењето на англискиот јазик како целен јазик. [42]

Користењето на игри при изучување на странскиот јазик не е секогаш соодветно. Играњето различни игри може да доведе до лесно запомнување на новите зборови или граматиката. Исто, може да ја елиминира анксиозноста предизвикана од учење на странски јазик, или пак да ја елиминира несигурноста за точноста на правилно користење на јазикот. Според Demes de Cruz (2008,p.18) [43]кога учениците играат игри, тие се изложуваат на целните струкури на јазикот. Како и да е, поради тоа што тоа е направено во контекст на игра, тие се релаксираат и заборавaат дека се набљудувани од некого. Тие понекогаш се толку длабоко внесени во играта, што заборавaат на анксиозноста кога прават грешки.

Од друга страна пак, прекумерното користење на игри на часот, всушност им го одзема времето на учениците што тие треба да го добијат, работејќи индивидуално, сфаќајќи го преметот сериозно. Со играњето игри за време на часот може да се креира таква атмосфера во училницата што ќе доведе до начин кој вели дека тоа што се случува не е вистинско учење, отежнувајќи го процесот на

---

[41] http://www.witslanguageschool.com/NewsRoom/ArticleView/tabid/180/ArticleId/85/Teaching-Tips-Using-Games-in-the-English-Second-or-Foreign-Language-classroom.aspx

[42]The Effect of Using Educational Games on the Students' Achievement in English Language for the Primary Stage

[43] http://is.muni.cz/th/266189/pedf_b/thesis.txt

концентрација и учење за сериозни намери, како што е полагањето на испитите. Друга последица од пречестото користење на игри во училница е фактот дека на учениците може и да им се здосади од целата таа игра. Поради тоа, наставниците мора внимателно да размислат, колку и кога е соодветно да играат игра за образовни цели.

## 8.1 РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ НА ИГРИ ПРИ ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК

Постојат многу различни видови на игри кои наставниците можат да ги користат за време на часот. Се разбира, кога се учи некој јазик, тие се наменети за вежбање на јазичните вештини и за постигнување на способности кои учениците треба да ги восприемат. Со време, треба да се менуваат игрите, сѐ со цел да им бидат нови на учениците и исто така, за да се зголеми ефектот на изненада. Со тоа, се претпоставува дека резулататите кои се добиваат во процесот на учење ќе бидат со највисоко дејство.

Наставникот треба да ја набљудува состојбата и атмосферата во училницата. Тоа значи дека ако некоја игра не тргнала како што треба или не е соодветна во училницата, наставникот треба да има друга игра која ќе може да ја искористи на истиот час. Постојат многу видови на игри, кои се користат за вежбање на конкретни делови од јазикот. Така, постојат игри кои ги поттикнуваат вештините за слушање, игри за зборување, кинестетички, експериментални игри и многу други.

- *Игри за слушање*

Овие видови на игри се сконцентрирани можеби на најважниот и најтешкиот дел од изучувањето на некој јазик. За слушањето обично се вели дека е пасивен дел од часот. Но, во суштина, се работи токму за спротивното. Слушањето бара внимателност и активност, кои би требало да го постигнат саканиот резултат. На училиште, слушањето се одвива на досаден, но разбирлив начин, користејќи ги само активностите кои се понудени во книгата. За да учениците уживаат во

вештината на слушање, наставникот треба да се обиде ја доближи вештината до нив. Заради тоа, наставникот може да избере некоја активност за слушање која ќе ги интересира учениците, или пак, да пушти песна кои тие ја сакаат. Може да се користат повеќе активности за слушање во училницата сè со цел да се исполни некоја тешка задача, пополни текст на песна, да се добијат точни инструкции за компјутерска игра, да се добие информација за луѓе или места. На сличен начин, игрите за слушање може да се искористат за да се задржи вниманието и интересот на учениците. За да провери наставникот колку многу напор учениците вложиле во слушањето на одредена активност, може да им се постават одредени последователни активности поврзани со истото. Овде, се прикажани две игри кои се соодветни за вежбање на вештината за слушање.

Првата игра се вика "Состави приказна" или "Make a story".[44] Оваа игра е наменета за мали групи на ученици. Седејќи во круг, учениците треба да направат приказна со тоа што секој учесник кажува по една реченица. Тоа продолжува сè додека секој ученик не кажал барем по две реченици.

Другата игра се вика "Blockbusters".[45] Прво, се цртаат плочките на табла, и се пишуваат буквите. Потоа, целиот клас се дели во тимови, зависно од бројот на учениците, и еден ученик избира буква. Од претходно подготвена листа, се избира збор чија прва буква се поклопува со онаа која ја кажал ученикот. Потоа, зборот се објаснува. Тимот кој ќе го погоди зборот, одбира дали ќе продолжи хоризонтално или вертикално. Буквата се бои со соодветна боја на тимот. За да се победи во играта, учениците треба да ги поврзат плочките со својата боја или хоризонтално или вертикално.

- Игри за зборување

Игрите за зборување најчесто се користат како последователни игри после претходно слушање и тие го зацврстуваат вокабуларот и искажувањата до тогаш чуени. Но, тоа не значи дека само тогаш се користат игрите за зборување.

---

44 http://www.oaktraining.com/traininggames/listeninggames.html

45 http://www.eflclub.com/elvin/publications/highmotivationlistening.html

Напротив, тие може да се употребат во секое време. Наставникот мора да има во вид дека крајната цел не е да се учат граматички структури, туку да се поттикнат учениците да зборуваат и да ги искажуваат своите идеи гласно, без стрес. И кога, еднаш ќе се примени таква игра, учениците ќе се чувствуваат охрабрени да го зборуваат јазикот и во другите делови од часот. Како што беше споменато и во игрите за слушање, наставникот мора да избере наслови и теми кои им се поблиски на учениците и на нивните интереси.

Табу[46] играта е игра во која еден играч ги поттикнува другите да го погодат зборот со тоа што тој вербално го објаснува зборот без да спомене зборови кои се напишани на самите карти. Тие зборови, објаснувачот никако не смее да ги каже. Со тоа, се прави играта потешка.

Друга игра која е наменета за вежбање на вештините за зборување е Најди некој кој. [47]Ова е навистина една од попознатите игри при изучувањето на англискиот јазик. За да ја играат играта, учениците имаат листови. Тие се мешаат и шетаат околу училницата, сѐ додека не најдат личност за која фактот на листот е точен. Имињата на учениците се запишуваат на листот.

- Кинетички игри

Овие игри се соодветни за ученици од различни возрасти. Но, тие најчесто се употребуваат кога учениците се уморни или кога наставникот ќе увиди дека им е тешко да се сконцентрираат. И, овие игри треба да бидат поврзани со други игри кои вежбаат други вештини.

Една позната игра е Скокање на листови од хартија – Jumping onto sheets of paper. Оваа игра може да се користи најчесто за вежбање на нови зборови. Учениците мораат да скокнат на листот хартија чија боја наставникот ја извикува. Тогаш, ученикот или треба да го спелува зборот (ако зборот е напишан) или пак само да го каже зборот. Постојат повеќе варијанти за играње на оваа игра.

- Експериментални игри

[46] http://www.wikihow.com/Play-the-Game-of-Taboo
[47] http://www.morningsidecenter.org/teachable-moment/lessons/find-someone-who

Експерименталните игри се доста интересни затоа што можеби и самите не изгледаат како игри. Целта не е да се победи или да се исполни некоја задача, туку да се искуси процесот и да се научи од истиот. Јазикот се користи како алатка. Меѓутоа, поради тоа што целниот јазик се користи, учениците се способни да го зборуваат јазикот, да го повторат вокабуларот, и да поработат на течноста при зборување. Полесно е да се научи јазикот од искуство.

Ваков вид на игра е Смена на улоги – Role Play Discussion. Наставникот избира тема која смета дека ќе им биде интересна на учениците за дискусија. Учениците се делат во групи. Најчесто се делат во две групи. Наставникот одредува страна на учениците од секоја група. На учениците им се остава простор да размислат и да ги запишат своите аргументи. Наизменично, секоја група ги искажува своите ставови. Целта на играта не е учениците да се расправаат, туку да го користат јазикот со убеденост. Како дополнување, со бранење на некој став што е сосем различен од нивниот, тие ќе научат да не осудуваат и да прифатат различни мислења.

## 9. ПРИДОБИВКИ ОД КОРИСТЕЊЕТО НА МЕТОДОТ НА ИГРА ПРИ РАНОТО ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК

Според Tech University универзитетот, постојат неколку позитивни резултати од користењето на играта во процесот на наставата по англиски јазик. Тие се:

1. играта ги вклучува учениците во активно учење;
2. играта внесува живост во механичкото меморизирање на фактите;
3. играта ги охрабрува учениците да се доближат до анализа, синтеза и евалуација (според теоријата на Блум);
4. играта може да ја зголеми мотивацијата кај учениците;
5. играта го засилува искуството на учениците;
6. играта може да ја подобри меморијата, донесувањето на одлуки и разбирањето на генерални принципи;

7. играта може да ја поттикне соработката меѓу учениците.[48]

*1. Играта ги вклучува учениците во активното учење*

Кога наставникот се обидува да користи игра во наставата по англиски јазик, тоа значи дека потребно е да се знаат правилата за играњето на играта. Имено, наставникот мора да го објасни начинот на кој се игра играта. Со самото тоа, се претпоставува дека учениците ќе бидат играчи во играта. Од нив, ќе се бара целосно и активно учество во истата. Како што е и претходно споменато, во демократското училиште, наставата е насочена најмногу кон учениците, што значи дека тие се вклучени во процесот на учење. Или, учениците се тие кои преку партиципацијата на часот, доаѓаат до одредени знаења. На пример, постои игра која се вика: "What's missing?" или "Што недостасува?". На учениците, во првиот дел на часот им се презентираат нови зборови. Учениците, секој посебно, ги повторуваат новите зборови. (еден збор, секој ученик посебно; друг збор, секој ученик посебно). На следниот дел од часот на учениците им се кажува дека тие ќе играат игра, во која, секој ученик треба да ги затвори очите. На таблата, се наредени новите зборови. Учениците, треба да ги држат очите затворени, сè додека наставникот не даде знак да ги отворат. При отворањето на очињата, учениците треба да го извикаат зборот што недостасува. На тој начин, се постигнува активно учење на учениците во училницата.

*2. Играта внесува живост во механичкото меморизирање на фактите*

Кога се игра игра, владее поинаква атмосфера за учење во училницата. И со самото тоа, се дава до знаење дека учениците не се само слушатели во училницата, туку тие и учествуваат во процесот. Во играта "Магично око" или "Magic Eye", на табла се поставуваат новите зборови кои ги учат учениците, на пример: cat, dog, cow, lamb, horse. Наставникот се обидува на музикален начин, да ги поттикне учениците да ги повторуваат новите зборови. Учениците ги повторуваат, гледајќи ги.

[48] http://www.tlpd.ttu.edu/teach/using_games.asp

3. *Играта ги охрабрува учениците да се доближат до анализа, синтеза и евалуација (според теоријата на Блум);*

Ова значи дека, учениците, учат со обиди и грешки. Тие, во текот на наставниот час, се чувствуваат охрабрено и слободно, да ги кажуваат мислењата без да се плашат дека ќе згрешат. На пример, при играње на играта, "Бесилка" или "Hangman", учениците се обидуваат да погодат збор. Тие користат нешто што веќе го знаат (букви), за да дојдат до зборот кој што се претпоставува дека им е непознат. Тие, и да ја згрешат буквата, односно, буквата да не постои во тој збор, не се чувствуваат осрамено или навредено, затоа што фокусот е на погодувањето на зборот, а не на согледување и анализа на тоа кој ученик кажал буква која се состои во зборот. На тој начин, тие и самите се оценуваат без наставникот конкретно да зборува за тоа.

4. *Играта може да ја зголеми мотивацијата кај учениците*

Мотивацијата се дефинира како "сложен, психодинамички процес на поттикнување на активноста на човекот, нејзино насочување кон одредени објекти и регулирање на активноста заради постигнување на некакви цели". Ова значи дека поради фактот дека учениците учат преку активно вклучување во процесот на учење, треба да се најдат поттикнувачите кои би довеле до активност кај учениците. Затоа, наставниците треба константно да бараат решенија за поттикнување на мотивацијата и задржување на истата во текот на учењето.

5. *Играта го засилува искуството на учениците*

Искуството на децата е многу битно. Посебно, кога треба да се стекне во училница и да го потпомогне процесот на учење, како што познатиот Dewey кажа дека учениците учат преку правење на нештата. Тоа значи дека со тоа што учениците активни се на часовите, земаат удел во часот, во исто време го

искусуваат она што го учат. На пример, доколку учат за овошје и зеленчук, наставникот може да донесе пластични зеленчук и овошје, за да на учениците им стане јасно какво овошје е јаболкото, со каква боја е, во која форма е. Подоцна, кога ќе одат во продавница со своите родители, учениците ќе знаат многу повеќе околу таа тема.

6. *Играта може да ја подобри меморијата, донесувањето на одлуки и разбирањето на генерални принципи*

При играњето на игри, пред учениците стојат повеќе предизвици. Додека ја играат играта, тие постојано треба да носат сопствени одлуки. На пример, ако играат некој квиз, учениците треба да одлучат кое поле да го отворат. Или, додека играат "Бесилка", која буква да ја изговорат. Исто така, играњето на игри, допринесува за подобрување на меморијата и задржувањето на информациите. Тоа значи дека учениците треба да запаметат доволно информации, за да би победиле во играта од натпреварувачки карактер.

7. *Играта може да ја поттикне соработката меѓу учениците*

И секако, многу често играта вклучува играње во парови или во групи. Поради тоа, се подобрува тимската работа меѓу учениците. Секако дека поделбата зависи од видот на играта, бројот на учениците, нивото на учениците и ред други фактори. Кога учениците работаат во група тоа значи дека тие имаат иста задача. Тоа би било и поттик за нив максимално да се вложат во играта, со цел нивната група да биде најдобра, односно да победи. Со тоа, учениците треба да комуницираат меѓусебе, или со други зборови, играта во група овозможува да се дојде до непосреден разговор меѓу учесниците. [49] На пример, при наједноставна игра, "Меморија" (Memory Game) учениците треба меѓусебно да се помагаат и да разговараат за да одберат вистински полиња. Тоа би била таа интерна комуникација помеѓу учениците во посебни групи.

---

[49] Дидактика како научна дисциплина, Вера

## 10. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

Во делот за релевантни истражувања може да се спомене истражувањето наречено: Учење и игри. Тоа е спроведено од James Paul Gee, во Америка во 2208 година. Имено, во своето истражување, Gee вели дека со добрите видео игри може да се дојде до успешно учење односно совладување на знаењата кај учениците. Но, секако, совладувањето на знаењата зависи од добриот дизајн на самите игри. Со тоа паралелно се појавува потребата да се креираат и дизајнираат подобри и подлабоки игри. Претходни учења се залагаа за тоа дека мозокот може да се спореди со средство за пресментување, нешто мошне слично до дигитален компјутер. На овој начин, се доаѓа до фактот дека учениците учат преку манипулирање со апстрактни симболи во низа правила. Додека пак, новите истражувања доаѓаат до заклучоци дека учениците учат преку доживувањата, односно искуствата кои ги искусуваат, а не преку калкулирање и генерализирање. Луѓето ги чуваат своите искуства во сеќавањата и потоа ги користат за да креираат симулации во своите глави за да се подготват за решавање на проблеми во нови ситуации. Но, ова и не е така едноставно. Потребно е да се исполнат некои услови за да овие искуства бидат корисни за учењето. [50]

Директорот на Центарот за применето истражување NAEYC, ја истражува тензијата помеѓу играта и академското достигнување во раното детство. Во тоа друго истражување (Debunking the Play vs. Learning Dichotomy) се следело однесувањето на децата кога им се дало јасна инструкција за тоа како да активираат играчка, споредено со децата на кои не им се дало експлицитна инструкција за тоа како да ја истражат играчката. На децата на кои им се дало директна иснструкција за тоа како да се користи играчката, всушност се открило дека учениците ја научиле намената на играчката. Додека пак, групите од деца кои сами експериментирале со играчката, откриле и други намени на играчката и на нејзините делови. Истражувачите потенцираат дека втората група јасно покажала креативност и дека инструкции за решавање на проблем не се потребни. Тие

[50] http://ase.tufts.edu/DevTech/courses/readings/Gee_Learning_and_Games_2008.pdf

потенцираат дека сакаат децата да поседуваат знаење, од една страна, и да бидат креативни и добри решавачи на проблеми, од друга страна.

Во истото истражување се потенцира фактот дека тензијата меѓу директните инструкции и играта треба да најдат некоја средина. Тие истакнуваат дека учењето се постигнува преку игра и расправаат за тоа како програмата базирана врз игра во раното детство може да ги поддува истите вештини и способности на учениците кои се исто така вреднувани во програмите кои во себе вклучуваат подиректен инструктивен пристап

Во Енциклопедијата за развој на раното детство, се обрнува особено внимание на детето кое игра и учи. Pramling Samuelsson and Asplund Carlsson21 го формулираат концептот на ученик кој во исто време и учи и игра. Се работи за дете кое ги смета играта и учењето како две посебни нешта. Напротив, тоа дете го доживува светот околу него на игровен начин.[51] Тие деца креираат идеи, фантазираат и спонтано зборуваат за реалноста. На пример, кога им вели на децата да нацртаат дрво кое го виделе додека биле на екскурзија, учениците можат да додадат нешто на сликата. Според многу наставници, учениците треба да нацртаат прво дрво, па после да играат! Децата, посебно помалите деца можеби не разликуваат што значи учењето, а што играта, но тие си дозволуваат да бидат креативни секогаш кога наставникот им дозволува комуникативен простор. [52]

[51] http://www.talking-about.net/how-learning-english-could-benefit-you.html

[52] http://www.child-encyclopedia.com/Pages/PDF/play.pdf

ВТОР ДЕЛ

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на истражување е методот на игра при раното изучување на англискиот јазик, од аспект на:

- Предметот на истражување;
- Целите на истажувањето;
- Карактерот на истражувањето;
- Методите, техниките и инструментите;
- Добиените резултати.

Предметот на истражување е истражуван, проучуван и анализиран, преку добиените резултати од писмените одговори на учениците на прашања претходно формулирани, како и преку испитување на мислењата и ставовите на наставници од училишни установи, во однос на:

- Застапеноста на игрите на училиште;
- Потреба од користење на игри во училиштата;
- Најчести игри кои се користат во училиштата при раното изучување на англискиот јазик.

## 1.2 ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТАЖУВАЊЕ

Игрите како метод за изучување на англискиот јазик во уличиштата, подразбираат неколку основни методолошки компоненти, како:

**Предмет на истражување** – за едно истажување многу е важно да се нагласи *што* ќе се истражува. Така, во ова истражување се истражува дали користењето на методот на игра го олеснува раното изучување на англискиот јазик.

**Цел на истражување** – како што е познато, целта на едно истражување е да ја искаже намерата на истражувачот и притоа да даде одговор на прашањето *зошто* се врши истражувањето. Во ова истражување, целта е да се испита дали преку методот на игра се постигнуваат поголеми резултати при раното изучување на англискиот јазик.

**Карактер на истражувањето** – постојат различни видови на педагошки истражувања, но во својата основа тие се користат за систематско проучување на некој предмет, појава, процес, состојба со цел да се дојде до нови сознанија и да се овозможи развој на научната област. Меѓутоа, видот на истражувањето зависи од целта на истражувањето. Според тоа, ова истражување е од квалитативен карактер.

**Методи, техники и инструменти** - за даде појасна слика за истражуваниот предмет, истражувачот треба да ги опише методите и техниките и инструментите кои ќе ги користи во текот на истражувањето. Во ова истражување ќе се користат неколку техники: анкетирање, анализа на содржина, техника на систематско набљудување и техника на интервју. Од инструментите, ќе се користат: прашалник, анализа на работа документација, протокол за систематско набљудување и протокол за врзано интервју.

## 2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основна цел на ова истражување е да се истражува на кој начин игрите како метод во наставата, помагаат при изучување на англискиот јазик во училиштата.

Ова истражување е од квалитативен карактер. Тоа значи дека резултатите од ова истражување ќе бидат квалитативно претставени.

## 3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во согласност со претходно дефинираната цел можат да се поставaт следните задачи на истражувањето:

- Да се испита дали наставниците користат метод на игра за време на часот по англиски јазик;
- Да се испита колку често наставниците користат метод на игра на часот по англиски јазик;
- Да се набљудува во кој дел на часот по англиски јазик се користат игри, односно метод на игра;
- Да се испита кои игри најмногу се користат на наставата по англиски јазик;
- Да се испита дали се постигнуваат ефекти кај учениците по завршувањето на часот.

## 4. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Општа хипотеза**

- Ако се применува методот на игра во текот на изучувањето на англискиот јазик во рана возраст, тогаш се олеснува раното изучување на англискиот јазик.

**Помошни хипотези**

- Ако наставниците користат метод на игра, тогаш се олеснува раното изучување на англискиот јазик кај учениците.

- Ако наставниците почесто го користат методот на игра, тогаш постои можност за постигнување на подобри резултати кај учениците.
- Со користење на методот на игра, учениците се директно вклучени во процесот на изучување на англискиот јазик.
- Ако се користат игри на наставниот час, тогаш учениците се креативни, мотивирани и се создава пријатна атмосфера во училницата.
- Ако се користи методот на игра при изучувањето на англики јазик, тогаш се постигнуваат ефекти кај учениците, со што им се олеснува изучувањето на истиот.

## 5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во ова истражување зависни варијабли се мотивираноста, креативноста и зачестеноста на игрите при изучување на англискиот јазик. Додека пак, независни варијабли се дидактичкиот дизајн и програмската поставеност на англискиот јазик во училиштата.

## 6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ

Во истражувањето ќе преовладува дескриптивниот метод со сите свои модалитети, што значи ќе се врши анализирање и генерализирање. Во ова истражување ќе се користат повеќе истражувачки техники:

- Анкетирање – ќе се анкетираат наставниците со помош на анкетни прашалници во кои се вклучени најразличен вид на прашања;
- Анализа на содржина при испитување на работна документација, како и на научни и стручни дела;
- Техника на систематско набљудување која ќе се користи за испитување на зачестеноста на игрите во наставата и во кој дел на часот се користат;
- Техника на интервју за испитување на судовите и ставовите на наставниците према изучувањето на англискиот јазик преку метод на игра.

Примената на ови техники ќе се врши преку следните инструментите:

- Прашалник за испитување на ставовите и мислењата на наставниците за користењето на методот на игра при раното изучување на англискиот јазик;
- Анализа на работа документација – при испитување во кој дел од часот, колку често и кои игри најчесто се планираат да се користат за време на наставата по англиски јазик;
- Протокол за систематско набљудување - при испитување дали и колку често наставниците користат метод на игра;
- Протокол за врзано интервју – при испитување на ставовите на наставниците во однос на користењето на метод на игра при рано изучување на англиски јазик.

## 8. ПРИМЕРОК ЗА ИСПИТАНИЦИ

**Во примерокот се вклучени следните училишта:**

| Училишна установа | Место | Наставници |
|---|---|---|
| **Училиште за англиски јазик – Пегасус ЕЛС** | **Тетово** | **17** |
| **Wilson School** | **Тетово** | **15** |

# ТРЕТ ДЕЛ

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 11. АНАЛИЗА НА РАБОТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Пред да се изнесат резултатите од анализата од работната документација и да се објасни кон наставни материјали наставниците ги користат за време на часовите и како тие подготвуваат наставни планови по англиски јазик, неопходно е да се земе подетален и поблизок увид на теоријата на Пијаже. Овој познат биолог го посветил својот живот на набљудување и снимање на интелектуалните способности на новороденчињата, децата, и адолесцентите. Жан Пијаже заклучил дека човечкиот живот се темели на неколку фази на развој. Тој дошол до заклучок дека се работи за токму четири фази, преку кои се усвојуваат нови способности и вештини.

Децата почнувајќи од шесттата годишна возраст па се до осумгодишна возраст слушаат, односно учат англиски јазик. Овие деца, ученици спаѓаат во првиот циклус на основното образование, и поради тоа ќе се земе предвид предоперативната фаза и конкретната оперативна фаза на Пијаже.

Од четвртата до седумгодишната возраст повеќето од децата поминуваат низ интуитивниот период. Овој период се карактеризира со егоцентрична, интуитивна мисла како и на мисла на доминирање на перцепцијата, која е многу склона кон грешки во класификацијата. Мислењето е насочено кон себеси, што значи дека тоа е егоцентрично. Во овој период детето навистина се соочува со потешкотии за разбирање на светот од туѓа перспектива освен својата.

Децата сметаат дека тие имаат контрола врз природата и дека светот е направен само за нив. Тие мислат дека луѓето имаат моќ да создаваат и дека сѐ е создадено од човечка рака. Децата сметаат дека имињата се реални.

Настапува следната фаза во развојот на децата, а тоа е конкретно – оперативната фаза. Во оваа фаза, децата почнуваат да размислуваат логички, да ги организираат своите мисли, и да ги поврзуваат. Децата се способни да размислуваат по пат на индукција каде од конкретно искуство доаѓаат до генерална вистина. Како и да е, тие размислуваат само за конкретни физички предмети и не можат да се размислуваат разумно и да расудуваат. Сега, детето има способност да ги усовршува повеќето од разговорните експерименти и тоа почнува двонасочно да разбира. Конверзацијата е заклучок дека квантитетот не се менува доколку ништо не се додава или одзема од некој предмет или од колекција на премети. Конкретно-оперативнатата фаза исто така се карактеризира со способноста на детето да координира две димензии на предметот, да ги доведува структурите до ред и да воочува разлики. Детето е способно да решава конкретни проблеми.

Знаејќи ги и тргнувајќи од овие факти според теоријата на Пијаже, се даваат некои совети за наставниците за да подготвуваат соодветни активности во училницата.

1. **Наставниците треба да се фокусираат на мислењето на учениците, а не само на продуктите од нивното мислење**

Ова значи дека наставниците треба да го следат процесот на мислење кај нивните ученици, а не само на резултатите од мислењето. Наместо да трагаат по точни одговори, наставниците треба да го потенцираат и изјаснат процесот на учење и разбирањето кои тие го искористиле за да дојдат до одговорот.

2. **Препознавање на важната, самоиницијативната, и активна улога на децата да учествуваат во учењето и активностите во училницата**

Во училница каде што важи познатата теорија на Жан Пијаже, децата се поттикнуваат и охрабруваат да се откријат себеси низ низа спонтани интеракции со средината, наместо со презентирање на готови знаења.

3. **Прифаќање на индивидуалните разлики во текот на развојниот процес**

Теоријата на Пијаже потврдува и докажува дека децата поминуваат низ истите развојни фази, но дека се разликуваат според темпото или брзината со која тие се развиваат. Токму поради тоа наставниците мора да направат специјални

напори да ги организираат активностите во училницата за индивидуалци и за групи од ученици наместо да ги организираат за цел клас.

Имајќи го горенаведеното во вид, наставниците треба да користат што повеќе визуелни помагала и прибори за да ги учат учениците на сложени и апстрактни идеи. Презентирањето на концепт преку сликовит или графички приказ, или пак некој друг вид на визуелно помагало, ќе им помогне на учениците да имаат конкретен предмет кој ќе можат да го поврзат со апрстактната идеја. Така, учениците ќе почнат да формираат ”слики” во нивните глави кои ќе можат да ги поврзат со истата тема без употреба на визуелното помагало.

Исто така, треба да им се дозволи на децата да се вклучат во оперативните задачи со конкретни материјали. Многу е важно на учениците да им се дозволи да видат што тие се обидуваат да учат, но уште поважно е да им се дозволи на децата да го прават она што го учат. Учење преку правење е многу важно во оваа фаза. Дозволувајќи групна работа е одличен начин за да тоа се применува.

И треба да се знае дека процесот на развој кај децата не е завршен. На учениците во оваа фаза им се зголемува работната меморија и им се зголемува променливоста на вниманието. Затоа, треба да им се даде време на децата да сфатат што наставниците зборуваат, па потоа да делуваат.

## 11.1 АНАЛИЗА НА ПЛАНОВИ ЗА ЧАСОВИ КАЈ ПРВО НИВО НА ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Учениците во овој период од нивниот живот се сретнуваат со англискиот јазик за првпат. Поради тоа, наставниците мора да бидат многу внимателни при изведувањето на активностите и организацијата на наставниот час по англиски.

Во наставата по англиски јазик во првиот степен, се забележува дека методот на игра е најзастапен во текот на часот. Темите се изучуваат приближно еден месец или тоа се приближно осум часа месечно. Часовите започнуваат со игра за загревање која од една страна би им помогнала на учениците самите да откријат за што тие ќе учат, а од друга страна на наставникот му помага за да ја постигне

својата цел, извлекување (elicit) на зборот (насловот) кој е предвиден за тој час. Најчести игри за загревање се користат игри кои ги воведуваат учениците во она што подоцна следува. На пример, многу игри се поврзани со слики. Наставникот влегува на час со слика. Наставникот избира слика која тој смета дека ќе може да биде впечатлива за учениците, но и јасна и конкретна. На пример, ако погледнеме на темата – Броеви, може да анализираме како се воведува темата кај учениците. Имено, наставникот тргнува од помислата (претпоставката) дека учениците до тогаш ги слушнале броевите од еден до десет. Наставникот, зема флеш карти со броеви. Наставникот прашува: Кој е овој број?, а децата одговараат: еден. Наставникот треба да тргне од првиот број па се до последниот, по ред, затоа што целта не е да се распознаваат броевите, туку да се извлече името на темата – Броеви. Значи, наставникот број по број ги прашува учениците, а тие одговараат, за да на крај, наставникот ги праша учениците: Што се овие? Учениците одговараат: Броеви! Кога учениците сами ќе откријат за што ќе учат, настапува презентацијата на зборовите. Бидејќи во првиот степен, учениците не пишуваат, многу е битно само да ги научат броевите како правилно се изговараат и да ги распознаваат. Ова е многу важно затоа што децата преку медиумите и разните цртани филмови може погрешно да го научат изговорот на броевите. Значи, следна етапа на часот е презентација на зборовите. Наставникот се обидува цело време помалку да зборува, а повеќе да ги мотивира децата да зборуваат. Така, наставникот продолжува да го поставува истото прашање: Кој е овој број? Учениците кажуваат дека се работи за бројот еден, и наставникот ја става флеш картата на таблата. Наставникот го практикува истиот процес со преостанатиот дел од броевите. Во меѓувреме, додека се презентираат броевите, учениците ги повторуваат зборовите, прво цел клас, а подоцна индивидуално. Со тоа, учениците прво заеднички ги изговараат, а потоа индивидуално за да може наставникот да корегира ако има потреба. Откако ќе се направи сето тоа, настапува етапата каде треба да се вежбаат презентираните зборови. Тие се вежбаат преку игра. Една од најчестите игри за вежбање на зборовите е играта Touch! Учениците се делат во неколку групи. Наставникот ги става картичките на таблата или на подот. Се повикуваат претставници од групите. Кога наставникот ќе изговори еден број, победува првиот кој ќе го допре тој број.

Оваа игра на истиот час може да се изигра и индивидуално, кога наставникот проверува колку учениците ги мемориралe новите зборови и каде треба да се довежба. И како крајна етапа на часот, се воведува уште една игра, каде што учениците треба да собираат онолку цвеќиња колку што ќе им каже наставникот. Наставникот им вели: collect four flowers!Учениците, штом го слушнат бројот четири, знаат дека треба да земат четири цвеќиња, без разлика што тие можеби не го знаат значењето на зборот collect или на зборот flowers.

Постојат и многу други игри кои се воведуваат на часот со кои учениците ги вежбаат броевите. Една од нив е меморија. Имено, наставникот ги дели учениците во две групи. Учениците треба да бираат полиња и да трагаат по истите броеви. Учениците бираат поле, го кажуваат името на бројот и продолжуваат понатаму.

Исто така, за да се повторат било кои новоучени зборови, возбудлива е играта пикадо. Имено, учениците се делат во неколку групи. Наставникот ги користи флеш картичките за играње на оваа игра. Почнува првата група и наставникот бира картичка која ќе му ја покаже на ученикот. Кога ученикот ќе ја види картичката, треба да го погоди зборот. Ако ученикот го погоди зборот, ќе игра пикадо, а ако не, ќе мора да го чека да дојде пак на ред. Со ова, учениците се поттикнуваат на знаење. Тие знаат дека ако сакаат да играат пикадо, ќе мора да ги знаат зборовите. Поради тоа, тие ќе бидат пофокусирани и помотивирани на часот. Оваа игра може да се адаптира и да се игра со поени.

За учење на нови зборови во овој период на детскиот развој многу се соодветни и песничките. Така, и песничките водат до учење. Учениците се чувствуваат посигурни, бидејќи знаат дека тие пеат песничка која не е на нивниот мајчин јазик.

За повторување на зборовите можат да се користат секакви видови на powerpoint игри. Имено, најчесто може да се користи Sunken Treasure. Оваа игра се игра со тоа што учениците треба да го одговорат прашањето и потоа отворат поле каде што тие мислат дека се крие изгубеното богатство. Учениците се делат во групи и тие заеднички учествуваат во играта.

Исто така, за учење се користат наставни ливчиња со кои на децата им се зададени неколку вежби. Вежбите можат да бидат со заокружување, со поврзување,

со цртање или со боење. На пример, учениците треба да го поврзат бројот четири со четири топки. Или пак, учениците треба да заокружат толку толку бројки колку што им покажува бројката. Се разбира, наставните ливчиња мора да ги прегледа наставникот.

Како што може да се забележи, на учениците во овој период им се задаваат активности кои се поврзани со визуелно гледање на нештата, експериментирање со нив, учење со правење. Методот на игра, односно игрите се користат речиси во секој дел од наставните часови. Така, според анализираната содржина и документација, играта некогаш е најсоодветна за воведување на учениците во часот. Понатаму, играта најчесто се користи за вежбање на веќе презентираните зборови, реченици. Во овој контекст, играта се користи за меморизирање и за вежбање на она што се учи за време на часот. И, на крај се разбира, играта се користи за повторување на целиот материјал кој се учел неколку часа.

## 11.2 АНАЛИЗА НА РАБОТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО ВТОРИОТ СТЕПЕН НА ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Кога се разгледуваат плановите за часовите за учениците кои го изучуваат вториот степен по англиски јазик, може да се најдат сличности со активностите и процедурата на часовите кај учениците во првиот степен. Имено, многу се обрнува внимание на методот ТПР, што всушност е метод кој се базира на координација на јазикот и физичкото движење. Наставникот им дава инструкции на учениците на целниот јазик, а учениците одговараат на тоа со движења. Овој метод на слушање и реакција од страна на учениците има две намени: средство е за брзо препознавање на значењето на јазикот кој се учи, и средство на пасивно учење на структурата на самиот јазик. Граматиката не се учи директно, експлицитно, но преку јазичниот инпут. Овој метод е можеби најсоодветен за учење на нови зборови.

Така, може да се дојде до заклучок дека за време на часовите, планирани и изведени се многу часови каде наставниците користат широк дијапазон на реалија, постери и прибор. Наставните материјали не се секогаш неопходни, некогаш за време на часот тие не се ни користат. Наставникот користи предмети кои може да

ги најде во училницата, како на пример мебел или книги, и подоцна користи табели, слики, реалија.

Исто така, може да се забележи дека играта е присутна во вториот дел на часот, каде се вежбаат содржините кои се презентирале. Значи, најчесто часовите започнуваат со проверување на домашна зададена од минатиот час или пак започнува со презентација. Откако ќе се презентираат содржините, настапува втората етапа од часот, кога учениците ги вежбаат новите зборови, реченици, букви, броеви. Најчести игри кои се користат за вежбање на новите содржини се следниве: Matching Game, What's missing, Magic Eye, Touch, Point to, Circle.

Играта со поврзување за различни содржини, различно се игра. Доколку се учат нови зборови, наставниците ги користат флеш картите и зборовите напишани на мали листиња хартија. Картите се ставаат на едниот дел од таблата, а зборовите на другиот дел. Од учениците се бара да ги поврзат сликите (флеш картите) со зборовите. На пример, lion се поврзува со сликата која го претставува лавот. Истата игра може да се игра ако се учат броеви или букви. Големите букви можат да се поврзуваат со малите (s S) или пак броевите со напишани броеви. На крајот, за секој точен одговор, учениците фрлаат коцка и добиваат поени.

Играта „Што недостасува" е доста интересна за учениците. Имено, после завршувањето на презентацијата на зборовите, учениците се делат во групи. Наставникот ги става картичките на табла. Тогаш, наставникот ги замолува учениците да ги затворат очите. По неколку секунди, учениците се замолуваат да ги отворат очите (да не се заборави дека учениците ги учат основните инструкции, без наставникот да прави презентација за Close your eyes! Open your eyes!). И тогаш, учениците треба да го погодат зборот кој недостасува, односно го нема на таблата.

Како што може да се забележи, игрите се користат за зацврстување на знаењата. Откако ќе се презентираат содржините кои треба да бидат научени, наставниците ги вежбаат истите преку метод на игра. Игрите се мотивирачки за учениците, тие сакаат да играат игра. Знаејќи го фактот дека тие ќе играат игри во другиот дел на часот, ги поттикнува учениците да бидат внимателни за време на часот и да се трудат да запомнат што им кажува наставникот. Учениците знаат дека

за да учествуваат во играта, тие мораат да одговорат точно на прашањата кои им ги поставува наставникот. На тој начин, преку вежбање и игра, и наставникот се чувствува посигурен дека учениците ќе излезат од училницата со знаења. Исто така, во овој период, игрите се користат и за повторување на целиот материјал кој се изучувал неколку недели. Цела една тема се учи и вежба приближно еден месец. Кога темата завршува наставникот избира такви игри кои ќе му помогнат да ги отцени учениците за целиот материјал. Наместо тестови, почесто се користат игри во PowerPoint. На пример, се користи Sunken Treasure, Hidden Picture, What is Louie Thinking, Big Wheel, Olympic Betting Jeopardy. Сите овие игри се обрасци на игри кои наставниците ги прилагодуваат според содржините кои се обработуваат.

Воочлив е фактот дека наставниците во своите планови за часови, изработуваат сопствени игри и креираат нови материјали. Многу од игрите кои се користат во наставата се производ на нивна креативност, многу од нив се базирани врз основа на цртани филмови и на игри кои се играат дома. Така на пример, многу од игрите кои се користат на часот се Пикадо, Не лути се човече, Икс Точка. Тоа се популарни игри кои учениците ги играат и по дома, и на кои ги знаат правилата. Во овој период се забележува како наставниците воведуваат различни игри и активности за време на часот, за да биде подинамичен. Се користат многу слики, презентации кои им го задржуваат вниманието на учениците. Исто така, се користи реалија, материјали кои учениците ги среќаваат во реалниот свет со што тие се подготвуваат да полесно се прилагодат во светот кој ги опкружува. Сите материјали се користат за повеќе намени: презентација на нови зборови, вежбање на новите зборови, повторување на новите зборови, повторување на целиот материјал кој се изучува.

## 11.3 АНАЛИЗА НА РАБОТНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО ТРЕТИОТ СТЕПЕН НА ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК

Кај учениците кои го изучуваат третиот спепен во англискиот јазик може да се забележи дека тие веќе формираат и реченици. Што значи, активностите во овој период кога децата имаат девет години, се разликуваат од минатите.

Преку анализата може да се дојде до заклучок дека учениците се созреани да играат и некои покомплексни игри. Или, игрите кои наставниците ги воведуваат и да имаат посложени правила, учениците се когнитивно посозреани за да ги сфатат. Тоа значи дека сѐ повеќе наставниците ги користат посложените отколку поедноставните игри.

Методот на игра често се користи, но повеќе се користи за вежбање и повторување на материјалот и содржините од минатиот час, отколку во почетокот на часот.

На часовите по англиски уште се користат песнички, со тоа што во овој случај песничките се подолги. Исто така, им се остава простор и тие да бидат креативни и да си составаат свои песнички. Наставникот е тој кој само ги води и им остава поголем простор и можност да работаат индивидуално. Исто така, многу се работи на извлекување на нештата кои тие веќе ги знаат. Им се остава простор да научат и нешто повеќе освен само јазикот. Наставниците ги планираат часовите со тоа што имаат во вид дека учениците можат да вежбаат неколку вештини во текот на еден наставен час. Тоа значи дека тие прават комбинација од игри и активности кои вклучуваат вежбање на слушање, пишување, зборување, читање.

Приказните се една нова активност која се воведува во овој степен, а со која се комбинираат низа други игри. Многу активности и игри се користат. Прво, како што ја слушаат приказната, учениците треба да запаметат што се случува. Подоцна врз основа на тоа што го слушнале, тие треба со помош на наставникот да се потрудат да ги стават сликите или флеш картите во правилен редослед. На крај, наставникот ја пушта уште еднаш приказната за да проверат дали редоследот на настаните во приказната е точен. Исто така, подоцна се игра true/false игра. Наставникот чита реченици. Учениците треба да кренат соодветни картички.

Доколку реченицата е точна тие ја покажуваат tick картичката, а доколку реченицата е погрешна, ја покажуваат cross картичката. На крајот, учениците ја прераскажуваат приказната со свои зборови.

Се користат и доста интересни флеш карти, слики, наставни ливчиња кои им го одвлекуваат вниманието на ученците. Повеќе им се остава простор на децата да експериментираат со истите, што значи се играат игри во кои учениците работаат со истите флеш карти и слики кои од прво ги има наставникот. Што значи, им се остава поголема слобода да и тие имаат право да ги допрат материјалите со кои учат, да видат какви се, колку се големи, за да подоцна сфатат зашто ги користат, како, во кое време, и која е целта. Користењето на материјали – реалија е често и во овој период од развојот на учениците. Се користат текстови кои се поврзуваат со реалниот живот на децата, се воведуваат дијалози кои може да се случат во реалниот живот на учениците. Децата се вклучуваат во проекти каде раскажуваат за својата омилена играчка, учениците треба исто така да ја фотографираат својата играчка или да ја донесат на час.

Се воведуваат доста игри на кои учениците физички реагираат по инструкциите на наставникот. Најчесто се игра играта „Симон вели", „Simon says". Се работи за многу интересна игра преку која учениците вежбаат инструкции дадени од наставникот. Ова може да се забележи кога учениците учат инструкции како: раце горе, раце долу, сврти се, тропни со нозете и слично.

Воочливо е при разгледувањето на работната документација дека се користат многу софтвери кои во себе вклучуваат различни лекции, со многу игри, активности, и вежби. Софтверот кој најчесто се користи се вика Primary I – Dictionary. Имено, овој софтвер е преполн со разни анимирани песнички, слики и изговор за сите зборови каде изговорот е јасен и прецизен, приказни, и дополнителни наставни ливчиња. Овој софтвер е доста забавен за децата и многу едноставен за користење. Наставниците го вклучуваат софтверот и заедно со учениците со помош на проектор да ги решаваат задачите.

Во овој период, на учениците им се задаваат повеќе домашни работи. Се работи повеќе на час, односно учениците пополнуваат повеќе наставни ливчиња со што ги утврдуваат знаењата стекнати ан тој час. Голем дел од игрите и

активностите на часот им се поврзани со пишување. Значи, освен вежбање само на изговорот и зборувањето, учениците се мотивираат и да пишуваат за време на часот како и дома. Учениците веќе доволно знаат спелување и пишување на англиската азбука, што наставникот претпоставува дека поголемиот дел од учениците солидно ќе ги изиграат игрите и ќе ги изработат вежбите.

## 12. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИНТЕРВЈУТО

### Дескриптивна анализа на резултатите добиени од неструктуираното интервју

(учецници во ова интервју се наставници по англиски јазик кои предаваат англискијазик во приватни училишта)

**1. Предавате англиски јазик на млади ученици. Можете ли да ми кажете каква методологија користите за време на часот по англиски јазик?**

Во однос на одговорите по ова прашање, сите интервјуирани наставници се изјасниле дека користат некаков вид на методологија за време на часот по англиски јазик.

Поголемиот дел од наставниците велат дека го користат методот на игра. Но, генерално наставниците велат дека го користат интерактивниот, аудио-лингвалниот, TPR методот, директниот и комуникативниот пристап. Ова се методите кои ги користат наставниците:

- TPR
- Task Based Language Learning
- Content Based Learning
- Game Based Learning
- Communicative Language Teaching
- Audio- Lingual Method

**2.Во денешно време многу е популарен и се користи методот на игра во училиштата. Дали сте слушнале за методот на игра и дали наставниците се способни да го користат по наставата по англиски?**

Во однос на ова прашање, сите интервјуирани наставници кажале дека слушнале за методот на игра. Впрочем, и слушнале и го користат за време на часовите по англиски јазик.

Поголемиот дел од наставниците се изјасниле дека веруваат дека наставниците во училиштата се способни да го користат методот на игра. Секако, некои од нив додале дека треба да постојат и одредени предуслови за да може да се користи, а други пак додале дека веруваат и потврдуваат дека методот на игра сѐ поуспешно се користи истиот во наставата.

**3.Кои се придобивките од користењето на методот на игра кај учениците? Како методот помага при збогатувањето на знаењата на учениците?**

Во однос на третото прашање, наставниците набројуваат низа на придобивки кои наставнуваат при користењето на овој метод. Некои од нив се:

- игрите ги се забавни за учениците;
- игрите ги мотивираат учениците;
- игрите им помагаат на учениците да вежбаат граматички структури;
- игрите ги вклучуваат учениците во наставата;
- преку игрите, учениците полесно запомнуваат содржини;
- преку игрите се промовираат комуникативните вештини;
- преку игрите се подобруваат нивните вештини:пишување, читање, слушање, зборување;
- учениците учат по пат на обиди и грешки;
- учениците учат едни од други;
- учениците спонтано го користат јазик, во одреден контекст;
- учениците го развиваат критичкото мислење.

Врз основа на дадените одговори, наставниците сметаат дека постојат многу корисни придобивки за учениците, кога наставниците го користат методот на игра. Некои од наставниците додаваат дека придобивките може и да зависат од видот на играта која се користи на часот. Но, општо земено, тие сметаат дека со користењето на методот на игра, учениците се тие кои извлекуваат најголема корист. Сето тоа, води до стекнување на вистински знаења по предметото англиски јазик.

**4. Може ли да наведете конкретни знаења кои се стекнуваат со користењето на овој метод при предавањето на англиски јазик?**

Во врска со ова прашање многу наставници кажале дека најважното нешто со кое се стекнуваат учениците со користењето на методот на игра е учењето на нови зборови, односно помнење на вокабулар и истовремено користење на истиот. Меѓутоа, многу од наставниците се согласни дека учениците стекнуваат вештини како: вештини за критичко размислување; вештини за логичко заклучување; свест

за културни разлики; тимска работа; внимателно следење и слушање на инструкции; читање и пишување на зборови, функции, структури; комуникација и говорење на англиски јазик.

**5. Како методот на игра влијае врз мотивацијата на учениците и нивната фокусираност за она што го изучуваат?**

Наставниците по однос на ова прашање, потенцираат дека методот на игра влијае позитивно врз учениците, односно овој метод врши позитивно влијание на децата. Со овој метод, учениците се мотивирани и се заинтересирани за часот. Методот, методологијата што се користи им помага на учениците да бидат заинтересирани за она што се изучува. Со тоа, се избегнува здодевноста која почесто е присутна кај учениците кои само слушаат. Некои од наставниците истакнале дека треба да им се привлече вниманието на учениците, за да им се поттикне желбата да се инволвитаат во часот.

**6. Можете ли да наведете примери, каде што на површина излегува креативноста на учениците? Како можат тие да бидат креативни учејќи низ овој метод?**

По однос на ова прашање, најголем дел од наставниците одговориле дека со методот на игра, учениците се мотивирани да научат повеќе. Исто така, го потенцираат тоа дека во текот на часот, до израз доаѓа нивната креативност кога истовремено и се забавуаат. Исто така, постојат одговори кои кажуваат дека креативноста на учениците се изразува со тоа дека учениците користат свои зборови, изнесуваат свои ставови, ги изнесуваат своите желби и интереси. Креативноста може да се согледа преку решавање на проблеми, преку давање на задачи кои бараат креативно размислување (состави), кога им се даваат улоги, прифаќање на алтернативни, но прифатливи одговори.

**7. При изведувањето на игрите, дали сите ученици се вклучени? Како ги поттикнувате учениците да учествуваат во играта?**

Одговорите на ова шрашање се најчесто поврзани со почетната мотивација. Имено, наставниците сметаат дека самата игра е таа што ги мотивира учениците да учествуваат во играта. Но, исто така, фактот дека на крајот ќе има победник е она што ги поттикнува учениците да донесат некој ефект во играта. Многу пати, делењето во групи е пресудно да секој учествува во играта, секој треба да даде одговор на прашање, а со тоа и допринесува за својата група. Некои од наставниците сметаат и дека наградата е важна за инволвирање на учениците во играта.

**8. Како методот на учење базирано на игра ќе влијае врз идните генерации во образованието при изучувањето на англискиот јазик?**

Наставниците сметаат дека овој метод ќе има позитивно влијание врз идните генерации. Доколку овој метод се применува во училиштата, нема многу внимание да му се посветува на наставникот, туку на ученикот. Учениците нема да учат англиски јазик, тие ќе го воспириемаат јазикот. Имено, сѐ повеќе ќе се изостава традиционалното учење, а се повеќе ќе се применува современата настава. Наставните содржини ќе бидат поинтересни за учениците со што тие ќе бидат помотивирани да го усвојуваат јазикот. Учениците ќе можат пoслободно да го користат јазикот и за време на часот а и дома. Нема да се посветува внимание само на репродуцирање на знаењето, туку и проширување на знаењата надвор од училницата.

## 13. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРАШАЛНИКОТ

Во овој дел се интерпретирани резултатите добиени со истражувањето преку изведување на прашалник. На овој прашалник одговор дадоа 32 испитаници. Интерпретацијата е насочена кон тоа дали и колку наставниците го користат методот на игра за време на часовите по англиски јазик. Исто така, дава и еден преглед од аспект на тоа кога и колку често се користат игрите, не изоставувајќи ги и видовите на игри кои се користат во наставата.

**1. Колку време работите како наставник по англиски јазик?**




1 една година
2 подолго од една година
3 пет години
4 над пет години
5 друго ________________

Во однос на ова прашање, може да се забележи дека наставниците кои одговориле на ова прашање, имаат искуство со предавање на англсики јазик.

2. **На која возраст сте?**




1 25 - 30
2 31 - 40
3 41 - 50
4 51 – 60

3. **Дали сте слушнале за методот на игра при изучувањето на англискиот јазик?**




1 да
2 не
3 не знам

Во однос на ова прашање, воопшто нема дилема околу препознавањето на методот на игра во училиштата.

4. **Дали го користите методот на игра за време на часот по англиски?**




1 да
2 не
3 понекогаш

Голем е процентот на наставниците кои го користат методот на игра при предавањето на англискиот јазик во училиштата.

5. **Колку често користите игри за време на часот по англиски?**




1 секој ден
2 еднаш неделно
3 2 до 4 дена во неделата
4 еднаш месечно

5 друго _______________

Според одговорите, се забележува дека наставниците имаат потреба од овој метод.

**6. Дали учениците се инволвирани во часот кога играат некоја игра?**




1 да
2 не
3 не знам

Не постои сомнение дека при користење на методот на игра, учениците се целосно вклучени во процесот на учење.

**7. Дали сметате дека учењето преку методот на игра учениците стекнуваат одредени знаења по предметот англиски јазик?**



1 да
2 не
3 не знам

Кога ќе се разгледаат овие одговори, може да се забележи дека многу голем е процентот на наставници кои сметаат дека методот на игра допринесува за стекнување на одредени знаења.

**8. Какви видови на игри применувате за време на изучувањето на англискиот јазик во училницата?**




1 игри за слушање   2 игри за зборување   3 игри за пишување
4 кинестетички игри   5 експериментални игри   6 друго ________________

Според прикажаното, може да се забележи дека за време на часот по англиски се користат повеќе видови на игри до кои можат да допрат секаков вид на ученици кои учат на најразличен начин.

**9. Наведете две игри кои најчесто ги користите за време на наставата по англиски!**




1 игри за зборување
2 игри за пишување
3 игри за слушање
4 кинестетички игри
5 игри за читање

Во однос на ова прашање, формирани се неколку подгрупи на одговори, за да им се даде некоја насока на одговорите кои беа приложени. Имено, нјголем дел од наставниците, дадоа примери на игри кои вклучуваат зборување, а тоа значи изговарање на зборови, повторување на зборови, или кажување на цели реченици.

**10. Сметате ли дека игрите и методот на игра ја поттикнуваат мотивацијата кај учениците?**




1 да
2 не
3 можеби
4 не знам

Се забележува дека наставниците се согласуваат дека мотивацијата е клучна при користењето на игри и методот на игри во наставата. Дури 91% од испитаниците сметаат дека игрите ја поттикнуваат мотивацијата кај учениците.

**11. Дали се согласувате со следново:"Користењето на игри за изучување на англискиот јазик го поттикнуваат психофизичкиот, емоционалниот и когнитивниот развој кај децата"**




1 да
2 не
3 не знам

Дури 97 % од испитаниците се согласуваат д користењето на игри го поттикнуваат психофизичкиот, емоционалниот, и когнитивниот развој кај децата, ученците.

**12. Дали сметате дека игрите се ефикасни во наставата по англиски јазик?**




1 да
2 не
3 не знам
4 можеби

Наставниците сметаат дека игрите се ефикасни кога се користат во наставата. Тоа значи дека само мал процент, 6 %, од испитаниците не се сигурни за можните придобивки од користењето на игрите во наставата по англиски јазик.

**13. Може ли да опишете игра, која сте ја користеле за време на часот по англиски јазик, а која донела видливи резултати дури до крајот на наставниот час?**




1 учење на нови зборови
2 изучување на граматички целини
3 повторување на новоучени зборови
4 мотивирање на учениците
5 препознавање на зборови
6 утврдување на нов материјал

Во однос на ова прашање, повторно се направени подгрупи на одговорите на испитаниците. Тоа е направено со цел да се глупираат игрите кои се ефикасни во наставата и кои имаат брз ефект врз наставата и учениците. Имено, најголем дел од наставниците презентирале игри кои се користат за учење на нови зборови. Тоа значи дека се работи за игри кои се користат за време на самиот час додека се презентираат нови зборови. Целта на овие игри е да им овозможат на учениците да го меморираат материјалот дури и на првиот час на презентирање на нови зборови. Понатаму, 21% од игрите се поврзани со повторување на новите зборови, кои исто така голем акцент му прикажуваат на изговорот. Постојат и игри за изучување на граматички целини, за мотивирање на учениците, препознавање на зборови, и утврдување на новиот материјал.

14. **Рангирајте ги по важност од 1 до 7 ( 1-најважно, 7-најневажно) следните придобивки од користењето на игрите при предавање на англиски јазик!**

- **Игрите ги мотивираат учениците**




- **Игрите овозможуваат вежбање**



- **Игрите се забавни**




- **Учење според контекст го прави јазикот кој се изучува корисен**



- **Игрите се пополнувачи на времето**




- **Игрите ги поттикнуваат учениците да комуницираат**



- **Игрите се еден вид „одмор” од секојдневните рутини во училницата**




Во однос на ова прашање, мора да се напомене дека сите предложени опции за рангирање се претставени одделно. Но, може да се забележи дека најголем дел од испитаниците сериозно му пристапуваат на овој метод. Тоа значи дека наставниците се согласуваат дека игрите ги поттикнуваат учениците да го користат јазикот во одреден контекст, да вежбаат. Исто така, тие и мотивирачки делуваат врз учениците, што е сосем спротивно на тоа дека наставниците ги користат игрите за да им дадат еден „одмор” на ученците од секојдневните рутини, или пак да го пополнат времето во училницата.

**15. Дали изучувањето на англиски јазик базирано врз методот на игра дава подобри резултати отколку изучувањето без користењето на методот?**




1да
2 не
3 не знам
4 можеби

И во однос на последното прашање, поголемиот дел од наставниците сметаат дека изучувањето на англискиот јазик понесува подобри резултати доколку се користи методот на игра. Дури 72 % од наставницте се согласуваат со горенаведеното.

## 14. Заклучок

Како генерален заклучок може да се истакне дека методот на игра се користи за изучување на англискиот јазик. Од целото истражување може да се забележи дека во практиката, наставнициете ги користат игрите како метод на стекнување на поквалитетни знаења кај учениците. Наставниците се свесни за придобивките кои можат да се добијат со користењето на овој метод во наставата. Се докажува дека методот функционира, дека е доста примамлив за учениците и дека во иднина може да се очекува да повеќе училишта и наставници работат по овој принцип.

Вклучувањето на игрите во наставата не е лесно и не треба да се верува дека не треба сериозно да се гледа на тоа. Напротив, наставниците имаат можност преку планирање на наставните часови, да доаѓаат до нови идеи како да ги вклучат игрите во наставата по англиски јазик. Тие треба да бираат игри кои би можеле на полесен начин да им овозможат знаења на учениците. Наставниците треба да посветуваат внимание на изборот на игри, да го прилагодуваат спрема учениците, работната атмосфера, расположението на децата и сл.

## ıстена литература


Прентон, К. и Јанкуловска С. (2009), Настава и учење во 21-виот век, Скопје: АД Печатница Напредок –
о
:p://toolbox.pep.org.mk/Files/MK_Nastava%20i%20ucenje%20na%2021-ot%20vek.pdf

:ажева, А. и Чонтева, Ж. (2010), Прирачник со работилници за современи и креативни
ди и техники на учење, Скопје:Маринг

:p://www.bdigital.unal.edu.co/34029/1/34052-129756-1-PB.pdf

ɔ://www.sde.ct.gov/sde/lib/sde/PDF/Curriculum/Curriculum_Root_Web_Folder/BenefitsofSeco
ınguage.pdf

ırmer, j. (2007), How to Teach English, England: Pearson Longman

ghtbown, P. и Spada, N. (1999), How Languages are Learned, New York: Oxford University
;

ark, S.N. and Clark D. C (1994), Restructuring the Middle Level School: Suny Press

ɔon J., (2005), Teaching English to young learners: British Council

)onaldson, M. Children's Minds, (1978): HarperCollins New Ed Edition (1986)

ttp://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2774611/

tp://www.york.ac.uk/media/educationalstudies/documents/teyl/TEYL%20Seminar%20Papers%
11%20edited.pdf

'eaching English to Young Learners: How They Learn and Pedagogical Implication

ɜrown, D. Teaching by Principles: an interactive approach to language pedagogy, White Plains,
Longman 2001

:lark, H. ; Clark, E. Psychology and Language: 1977

ɛrashen, S & Terrell, T. (1983)The Natural Approach: Language Acquisition in the Classroom.
ɪrd: Pergamon

'eaching English to Young Learners and Factors to Consider in Designing the Materials

ʲcott, W. & Ytreberg, L. Teaching English to Children 1983

ıttp://bro.gov.mk/?q=mk/osnovno-obrazovanie

ıttp://bro.gov.mk/docs/Iodd_nastavna_programa_MK-ALB_za_web.pdf

ıttp://bro.gov.mk/docs/Iodd_nastavna_programa_MK-ALB_za_web.pdf

Џамоска, Л., (2000) Алтернативни пристапи во педагогијата:Скопје

ıttp://bro.gov.mk/docs/II_odd_nastavna_programa_MK-ALB_za_web.pdf

ıttp://bro.gov.mk/docs/III_odd_nastavna_programa_MK-ALB_za_web.pdf

ıttp://www.merriam-webster.com/dictionary/game

Хорватовиќ, В. (2012) Образовни рефлексии: Научно-стручно списание за теоријата во
ıитанието и образованието, Скопје

Блажева А. и Чонтева Ж., (2010), Прирачник со работилници за современи и креативни
оди и техники за учење, Скопје:Маринг

Kirkland D., Games as an Engaging Teaching and Learning Technique: Learning or Playing?

V.George Scarlett, Sophie Naudeau, Dorothy S. Pasternak, Iris Ponte (2005): Children's Play,
: Publications, Inc

ıttp://edtechreview.in/dictionary/298-what-is-game-based-learning

Vikipedia, Educational Game, Game Based Learning

ıttp://www.raptivity.com/white-papers/Game-based-learning-Whitepaper.pdf

Games Based Learning: Redefining Engagement in eLearning (2005-2012)

Arikan A. and Yolageldili G. (2011) Effectiveness of Using Games in Teaching Grammar to
ng Learners

ıttp://www.witslanguageschool.com/NewsRoom/ArticleView/tabid/180/ArticleId/85/Teaching--Using-Games-in-the-English-Second-or-Foreign-Language-classroom.aspx

Ersoz A. (2000), Six games for EFL/ESL Classroom, The Internet TESL Journal Vol.6

Nolasco R. and Arthur L. (1991) Conversation, Oxford University Press 1991

Jse of Games in English Language Teaching

ıttp://asian-efl-journal.com/quarterly-journal/2003/12/31/learning-vocabulary-through-games-effectiveness-of-learning-vocabulary-through-games/#thethe-tabs-1-4

ıttp://english.daejin.ac.kr/~rtyson/fall2000/elt/games.html

ıttp://iteslj.org/Techniques/Chen-Games.html

ıttp://dosfan.lib.uic.edu/usia/E-USIA/forum/vols/vol33/no1/P35.htm

ıttp://www.witslanguageschool.com/NewsRoom/ArticleView/tabid/180/ArticleId/85/Teaching-s-Using-Games-in-the-English-Second-or-Foreign-Language-classroom.aspx

The Effect of Using Educational Games on the Students' Achievement in English Language for the Primary Stage

ttp://is.muni.cz/th/266189/pedf_b/thesis.txt

ıttp://www.oaktraining.com/traininggames/listeninggames.html

ıttp://www.eflclub.com/elvin/publications/highmotivationlistening.html

ıttp://www.wikihow.com/Play-the-Game-of-Taboo

ttp://www.morningsidecenter.org/teachable-moment/lessons/find-someone-who

ttp://www.tlpd.ttu.edu/teach/using_games.asp

Дидактика како научна дисциплина

ttp://ase.tufts.edu/DevTech/courses/readings/Gee_Learning_and_Games_2008.pdf

ttp://www.talking-about.net/how-learning-english-could-benefit-you.html

ttp://www.child-encyclopedia.com/Pages/PDF/play.pdf

# ПРИЛОЗИ

Работна документација

- За наставници кои ги планираат часовите по англиски јазик ( lesson plan)

Анкетни листови

- За наставници по англиски јазик

Протокол на интервју

- За наставници по англиски јазик

## Pegasus ELS Lesson Plan – Level: Teacher 2013/14

Objectives:

Materials Used:

Lesson Procedure

Stages

Stage 1 (time)

Stage 2 (time)

Stage 3 (time)

# ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ

16. Колку долго работите како наставник?

а) една година б) подолго од една година в) пет години
г) над пет години д) ______________________

17. На која возраст сте?

__________________ години

18. Дали сте слушнале за методот на игра при изучувањето на англиски јазик ?

а) да б) не в) не знам

19. Дали Вие го користите методот на игра за време на часот по англиски?

а) да б) не в) понекогаш

20. Колку често користите игри за време на часот по англиски?

а) секој ден б) еднаш неделно в) 2 до 4 дена во неделата
г) еднаш месечно д) друго _________________

21. Дали учениците се инволвирани во часот кога играат некоја игра?

а) да б) не в) не знам

22. Дали сметате дека учењето преку методот на игра учениците стекнуваат одредени знаења по предметот англиски јазик?

а) да б) не в) не знам

23. Какви видови на игри применувате за време на изучувањето на англискиот јазик во училницата?

а) игри за слушање б) игри за зборување в) игри за пишување
г) кинетички игри д) експериментални игри ѓ) друго _______________

24. Наведете две игри кои најчесто користите за време на наставата по англиски јазик!

1. ________________________________________
2. ________________________________________

25. Сметате ли дека игрите и методот на игра ја поттикнуваат мотивацијата кај учениците?

а) да б) не в) можеби г) не знам

26. Дали се согласувате со следново:"Користењето на игри за изучување на англискиот јазик го поттикнуваат психофизичкиот, емоционалниот и когнитивниот развој кај децата"

а) да б) не в) не знам

27. Дали сметате дека игрите се ефикасни во наставата по англиски јазик?

а) да б) не в) не знам г) можеби

28. Може ли да опишете игра, која сте ја користеле за време на часот по англиски јазик, а која донела видливи резултати дури до крајот на наставниот час?

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

29. Рангирајте ги по важност од 1 до 7 (1-најважно; 7 најневажно) следните придобивки од користењето на игрите при предавање на англиски јазик!

- игрите ги мотивираат учениците
- игрите овозможуваат вежбање
- игрите се забавни
- учење според контекст го прави јазикот кој се изучува корисен
- игрите се пополнувачи на времето
- игрите ги поттикнуваат учениците да комуницираат
- игрите се еден вид на "одмор" од секојдневните рутини во училницата

30. Дали изучувањето на англиски јазик базирано врз методот на игра дава подобри резултати отколку изучувањето без користењето на методот?

а) да б) не в) не знам г) можеби

## ПРОТОКОЛ ЗА ВРЗАНО ИНТЕРВЈУ ЗА НАСТАВНИЦИ

### Интервју

1. Предавате англиски јазик на млади ученици. Можете ли да ми кажете каква методологија користите за време на часот по англиски?

___

___

___

___

2. Во денешно време многу е популарен и се користи методот на игра во училиштата. Дали сте слушнале за методот на игра и дали наставниците се способни да го користат во наставата по англиски?

___

___

___

___

3. Кои се придобивките од користењето на методот на игра кај учениците? Како методот помага при збогатувањето на нивните знаења?

___

___

___

___

4. Може ли да наведете конкретни знаења кои се стекнуваат со користењето на овој метод при предавањето англиски?

___

___

___

___

5. Како методот на игра влијае врз мотивацијата на учениците и нивната фокусираност за она што го изучуваат?

___

___

___

___

6. Можете ли да наведете примери, каде што на површина излегува креативноста на учениците? Како можат тие да бидат креативни учејќи низ овој метод?

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

7. При изведувањето на игрите, дали сите ученици се вклучени? Како ги поттикнувате учениците да учествуваат во играта?

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

8. Како методот на учење базирано на игра ќе влијае врз идините генерации во образованието при изучување на англискиот јазик?

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________